**З А П И С Н И К**
**од Седумдесет и второта седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 12.6.2018 година**

**Скопје, јуни 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Седумдесет и втората седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 12.6.2018 година**

Седницата започна во 12:55 часот.

На седницата претседаваа претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, како и заменичката на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана, м-р Радмила Шекеринска.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и членовите на Владата на Република Македонија д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Рената Дескоска, министерка за правда, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, Асаф Адеми, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Зорица Апостолска, министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, како и Генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на Генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и Садик Беќири, заменик на министерот за транспорт и врски и Дејан Павлески, заменик на министерот за локална самоуправа.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски, портпарол на Владата на Република Македонија, Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Македонија и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија.

*

*  *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Информација за потребата за изградба на пливачки базени во Република Македонија

2. Бизнис-план, инвестициони програми за 2018, 2019 и 2020 година и Финансиска програма за 2018 година на Македонски железници Транспорт АД - Скопје, со Предлог-одлуки

3. Годишна сметка и финансиски извештаи за 2017 година и Годишен извештај за работењето за 2017 година на Јавното претпријатие Службен весник на Република Македонија, Скопје, со дополнување и Предлог-одлуки

4. Информација за потребата од продолжување на рокот за повлекување на парични средства од Договорот за заем (кредит) склучен помеѓу Јавното претпријатие за државни патишта и Експорт Импорт банка на Кина, заведен под број 08-116/3 од 8.1.2014 година и ПБЦ (2014) 02 (296) од 2.1.2014 година, кој рок треба да биде продолжен и усогласен со новодоговорениот рок за извршување на работите со изведувачот на изградба на автопатот Кичево - Охрид

5. Информација за реализација на постапка за прием на 80 лица во Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници - Скопје

6. Предлог-одлука за висина на надоместоците за активности на заштита и благосостојба на животните како и начин на нивна наплата

7. Информација за состојбата со болеста инфективна анемија кај копитари (за период од 1.10.2017 година до 30.4.2018 година)

8. Информација за предусловите и прецизирање на барањата кои треба да ги исполни операторот за воспоставување на системот на управување со нус производи од животинско потекло

9. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2018 година

10. Информација со Анализа на рангот на Република Македонија кај индикаторот „Услови за прекугранично тргување” со Предлог-мерки за подобрување на состојбите согласно препораките на извештајот Doing Business 2018 на Светска банка

11. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-901/16)

12. Предлог-одлука за продажба на движна ствар

13. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Македонија

14. Барање согласност на Листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Дојран

15. Барање согласност на Листата за определување имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Кочани

**б) Економски систем и тековна економска политика**

16. Предлог-закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам, по скратена постапка

17. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, по скратена постапка

18. Информација во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објекти за сместување од хотел Премиер-Скопје, со Предлог-решение

19. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини и тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетите „Црвени Брегови“ Општина Неготино, „Дризла“ Општина Студеничани, „с.Ново Село“ Општина Штип и „Рафче“ Општина Сарај по Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр.197/2017), со пропратни материјали и Тендерска документација

20. Информација во врска со поднесените иницијативи за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини на локалитетите „Ширината“ с. Лаки, Општина Виница, „Жван“ Општина Демир Хисар и „Мерите“ Општина Штип, со Предлог-одлука

21. Информација за Осмото годишно собрание на акционери на „Европа Ре“, што ќе се одржи на 26 јуни 2018 година во Цирих, Швајцарија

22. Информација за потпишување на Конвенцијата за заемна административна помош за даночни прашања, со текст на Конвенција

23. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со основна класа на намена Б3-големи угостителски единици КО Боговиње-вон г.р., Општина Боговиње, со Предлог-одлука

24. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Неготино, Општина Неготино, со Предлог-одлука

25. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на бензинска пумпна станица и услужен центар КО Брњарци, Општина Гази Баба, со Предлог-одлука

26. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука

27. Информација за изградба на пруга Куманово-Бељаковце, заклучно со мај 2018 година

28. Информација за напредокот на Проектот-Изградба на заеднички железнички граничен премин со придружни содржини „Табановце“ помеѓу Република Македонија и Република Србија , заклучно со мај 2018 година

**в) Политички систем**

29. Предлог-закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Унгарија за полициска соработка

30. Информација за учеството на Република Македонија во Заедничката надворешна, безбедносна и одбранбена политика на Европската Унија, во периодот 1 јули - 31 декември 2017 година, со прегледи на декларации, изјави, одлуки на Советот на Европската Унија и други правни акти на Европската Унија од Брисел, Њујорк, Женева, Виена и Стразбур, кон кои Република Македонија, на покана на Европската Унија или унилатерално, се има придружено (прилог 1 до прилог 5)

31. Информација за извршена компаративна анализа во однос на надлежноста за управување со имот опфатен со финансиска мерка

32. Информација за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката на Советот (ЗНБП) 2018/90 од 22 јануари 2018 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2017/2074 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Венецуела, со Предлог-одлука

33. Информација за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2018/421 на Советот од 19 март 2018 година за спроведување на Одлука 2013/255/ЗНБП во врска со рестриктивни мерки против Сирија, со Предлог-одлука

34. Информација за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/476 на Советот од 21 март 2018 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија, со Предлог-одлука

35. Информација за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/466 на Советот од 21 март 2018 година за изменување на Одлука 2011/172/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица, субјекти и тела во однос на состојбата во Египет, со Предлог-одлука

36. Информација за напредокот во процесот на изработка на Стратегискиот одбранбен преглед 2018

37. Информација за преземање и распоредување на професионални војници со навршени 45 години возраст во органите на државната и локалната власт и во други државни органи

38. Извештај за учество на припадници на Армијата на Република Македонија во Командата за обука, советување и асистенција (КОСА-С) во мировната операција „Одлучна поддршка“ во Исламската Република Авганистан, ротација од септември 2017 година до март 2018 година

39. Информација за функционалноста на опремата и искористеноста на Втората сервисна магистрала МИМ2 од Платформата за интероперабилност

**г) Човечки ресурси и одржлив развој**

40. Предлог-закон за спречување и заштита од дискриминација

41. Информација за Ревидиран оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2018 година, со Ревидиран оперативен план

42. Информација за текот на подготовката на Проектот за унапредување на социјалните услуги

43. Информација за реализација на активности за воведување дуално стручно образование во средните стручни училишта

44. Информација со Меморандум за соработка за основање на Меѓународен институт за одржливи технологии на Југо - источна Европа, со текст на Меморандум

45. Информација за потребата од изменување на Законот за вработените во јавниот сектор, во одредбите со кои се регулираат правата од работен однос во обласа на културата

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

### а) Економски систем и тековна економска политика

46. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за игри на среќа, трговија и услуги „ЗЕРО ЛАЈФ БЕТ“ ДОО Теарце за деловната просторија на ул.„Гоце Делчев“ бр.1 во Теарце

47. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Свети Николе

48. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ресен

49. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на Друштвото за производство, трговија и услуги АС ГРАНУЛАТ ДОО експорт импорт Струга на локалитетот „Градиште“ с.Могорче, Општина Дебар

**б) Политички систем**

50. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „5 TORRI 2018“ во Република Италија

51. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за правда - Управа за извршување на санкциите

**в) Човечки ресурси и одржлив развој**

52. Предлог-решение за назначување на членови и заменици членови на Национално координативно тело за следење на имплементацијата на Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2014-2020

**г) Предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) По барање на Собранието на Република Македонија**

53. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање, поднесен од група пратеници

54. Предлог-закон за изменување на Законот за државен пазарен инспекторат поднесен од група пратеници

55. Предлог-закон за изменување на Законот за основање на Технолошко - технички факултет, Ветеринарен факултет и Правен факултет во состав на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола

56. Предлог-закон за изменување на Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење, поднесен од група пратеници

57. Годишен извештај за работата на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2017 година

58. Барање за давање на автентично толкување на член 3, став 1, точка 3 од Законот за комунални такси, поднесено од градоначалникот на Општина Делчево

**(б) По барање на органи, организации и други правни лица**

59. Решение на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.63/2017, донесено на седницата одржана на 18 април 2018 година, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 4 став 3 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/14, 53/16 и 11/18) поднесено од адвокат Никола Источки

60. Иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на членот 78 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09,130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15 и 27/16), поднесена од Лилјана Кочоска од Скопје

61. Иницијатива поднесена од адвокат Павлина Зефиќ од Скопје, до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.19/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 19 ставот (1), член 21 точката 2, член 35 ставот (2) во делот „а ако за причина за изземањето од член 33 став (1) дознале подоцна, барањето го поднесуваат веднаш по дознавањето“, член 79 ставот (2) во делот „препис од“, членот 153, член 169 ставот (2) во делот „во рок од 24 часа“ и во делот „жалбата со препис од записникот за сослушување, ако притвореното лице е сослушано и решението за притвор се доставуваат веднаш до советот. Жалбата не го задржува извршувањето на решението, како и на ставот (3) во делот „во рок од 24 часа“, член 170 ставот (5) во делот „во рок од пет часа“, член 173 ставот (3), член 183 ставот (2) во делот „или кога во однос на затеченото лице постојат услови за претрес без наредба“ , член 185 ставот (1) во делот „просторот во кој е затечено лицето во време на преземањето на претресувањето и средството за превоз кое се користи во време на претресувањето“, член 190 ставот (3), членот 193, член 194 ставот (3), член 196 ставот (1), член 200 ставовите (3) и (8), членот 249, членот 256 во делот „мерките од член 252 став (1) точките 6, 7, 8, 9, 10, 11 и 12 на овој закон ги определува јавниот обвинител со писмена наредба“, членот 258, член 260 ставовите (2), (3) и (4), членот 261 во делот „ќе се уништат под надзор на судијата, а за тоа јавниот обвинител ќе изготви записник“, членот 262 во делот „по барање“ и во делот „засегнатото лице барањето може да го достави до судот“, членот 267 во делот „во рок од 15 месеци“, член 276 став (2) точката 6, член 277 ставот (1), член 292 ставот (2), член 296 ставот (1), член 301 ставот (4), член 302 ставот (3) во делот „да составуваат“, како и ставот (4) во делот „во рок од 15 дена“, член 384 ставот (1), член 393 ставот (1), член 409 ставот (2), член 411 ставот (4), членовите 468, 469, 470, 471, 472, 473, 474, 475, 476, 477, 478, 479, 480, 481 и 482, член 475 ставот (8) и член 476 ставот (2) во делот „но дека во случај кога одбраната не е задолжителна, поради недоаѓање на бранителот на главната расправа и земање бранител дури на главната расправа, не мора да се одложи главната расправа“, од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија” број 150/10, 100/12 и 142/16)

62. Понуда од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 103488 за КО Бутел на КП бр. 5848/1

63. Понуда од нотар Златко Николовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотни листови бр. 11719 и бр. 2168 за КО Драчево 1 на КП бр. 8219, викано место Драчево

64. Понуда од нотар Муамет Шеху од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист 2682 за КО Глуво Бразда на КП бр. 1544, викано место Штитиње

65. Известување од извршител Зоран Петрески од Скопје за Заклучок за усна јавна продажба под Ибр.141/18 и Заклучок за утврдување на вредност на недвижност, под бр.141/2018

**д) Други предлози**

66. Кадровски прашања

67. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

68. Известување за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за август 2017 година, со дополнување

69. Известување за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за септември 2017 година

70. Известување за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за октомври 2017 година

71. Известување за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за ноември 2017 година, со табеларен приказ

72. Известување за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за декември 2017 година

73. Известување за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за јануари 2018 година

74. Известување за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за февруари 2018 година, со табеларен приказ

75. Известување за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за март 2018 година

76. Известување за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за април 2018 година

77. Тримесечен извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“ - Велес за период јануари - март 2018 година

78. Тримесечен извештај за работењето на Јавно претпријатие Македонски Железници „Инфраструктура“ за период 1.1.2018 до 31.3.2018 година

79. Финансиски извештај за работење на Јавното претпријатие „Македонијапат“ - Скопје, за период од 1.7 до 30.9.2017 година, со дополнувања кон материјалот

80. Финансиски извештај за работење на Јавното претпријатие „Македонијапат“ - Скопје, за период од 1.10 до 31.12.2017 година, со дополнувања кон материјалот

81. Информација со конкретна анализа за трошоците, мерките и потребните финансиски средства за FSC сертификација, со дополнување кон неа

82. Извештај за работа на Инспекцискиот совет и Информација за работа на инспекциските служби, за првиот квартал од 2018 година

83. Информација за прогресот и реализацијата на проектот „Надградба на објектите за царинење и инспекциски органи на граничниот премин Ќафасан“

84. Информација во врска со ревидираните финансиски извештаи за 2017 година на ТАВ Македонија

85. Информација во врска со Сертификатот за годишен надоместок за концесија за 2017 година на ТАВ Македонија

86. Информација за набавка и инсталација на опрема за европски систем за контрола на возовите ETCS ниво 1 по должината на Коридорот 10 и набавка и инсталација на опрема за глобален систем за мобилна комуникација во железницата GSMR по должина на Коридорот 10, заклучно со мај 2018 година

87. Информација за степенот на реализација на Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за конкурентност на македонската економија 2016-2020 година

88. Извештај за учество на припадници на Армијата на Република Македонија во вежбовната активност „MILEX 18“ во Кралството Шпанија

## Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

89. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „Anatolian Phoenix 2018“, во Република Турција

90. Предлог-одлука за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Македонија, заради учество во вежбовна активност „JCET-18“

91. Информација за распределба на средства од Буџетот на Република Македонија за 2018 година, алоцирани во раздел 13001 - Министерство за транспорт и врски, Потпрограма -поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите, со Предлог-одлука за распределба на средства за комунални инфраструктурни проекти

92. Предлог-одлука за одобрување средства од Буџетот на Владата на Република Македонија (раздел 04001)

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата за изградба на пливачки базени во Република Македонија и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт, да ги преземе следниве активности:

- согласно Законот за јавни набавки да спроведе Конкурс за изработка на идејно решени за изградба на пливачки базени и

- во соработка со Министерството за образование и наука да и предложи на Владата локации за пливачките базени што ќе се градат во општините, градот Скопје и општините од подрачјето на градот Скопје, како и проект за реконструкција на базенот во општина Струга.

2. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт во рамките на одобрените средства од Буџетот на Република Македонија за 2018 година да обезбеди средства за објавување конкурс за изработка на идејно решение за изградба на пливачки базени.

3. Се задолжува Агенцијата за катастар на недвижности да достави податоци за сопственоста на земјиштето на кое ќе се градат пливачките базени.

4. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт, по завршување на сите активности да подготви Информација за реализација на Проектот изградба на 16 пливачки базени, најкасно до 15 јули 2018 година.

5. Владата заклучи Агенцијата за млади и спорт да го има предвид укажувањето на Министерството за финансии (при проектирање на динамиката на реализација да се имаат предвид реалните финансиски можности за наредниот среднорочен период и да се утврдат приоритети, имајќи ги предвид значителните финансиски средства за изградба на еден базен).

**Точка 2**

Владата по новиот текст на Бизнис планот, инвестиционите програми за 2018, 2019 и 2020 година и Финансиската програма за 2018 на Македонски железници Транспорт АД - Скопје, со Предлог-одлуки заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Финансиската програма на Македонски железници Транспорт АД - Скопје за 2018 година (нов текст), во предложениот текст.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на инвестиционите програми на Македонски железници Транспорт АД - Скопје за период од 2018 година до 2020 година (нов текст), во предложениот текст.

3. Се задолжуваат органите на управување на Македонски железници Транспорт АД - Скопје:

- Согласно Мислењето на Министерството за финансии да го преоценат планираното зголемување на расходите за 2018 година.

- Во однос на планираните инвестиции на Друштвото да го дополнат материјалот со преглед на планирани инвестиции по структура и извори на средства од каде би се финансирале, како и динамика на реализација.

- Да ги имаат во предвид негативните вредности во финансискиот план на Друштвото, односно за оние кои имаат негативен вредносен паричен тек во Финансискиот план, да го надминат истиот со зголемен обем на работа.

- Да дадат образложение за не испорачувањето на локомотивите во рамки на набавките што веќе се направени и

- Во рок од 30 дена за преземените активности до Владата да достават извештај.

Истовремено, Владата заклучи Македонски железници Транспорт АД - Скопје да ја разгледа можноста за зголемување на фрекфенцијата на движење на возовите на релација Скопје - Кичево, како и подобрување на услугата на превоз на патници на оваа релација.

**<u>Точка 3</u>**

Владата по Годишната сметка и финанскиските извештаи за 2017 година и Годишниот извештај за работењето за 2017 година на Јавното претпријатие Службен весник на Република Македонија, Скопје, со дополнување, ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за давање согласност на Годишната сметка за 2017 година на Јавното претпријатие Службен весник на Република Македонија, Скопје, во предложениот текст.

2. Одлуката за давање согласност на Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Македонија, Скопје во 2017 година, во предложениот текст.

3. Одлуката за давање согласност на Одлуката за употреба на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Македонија, Скопје за 2017 година, во предложениот текст.

Исто така, Владата ги задолжи органите на управување на Јавното претпријатие Службен весник на Република Македонија, Скопје до Владата да подготват и достават за добивање на согласност нова одлука во која ќе се види искористувањето на акумулираната добивка за инвестициони цели и остатокот на акумулираната добивка согласно Законот за јавни претпријатија да биде распределен во Буџетот на Република Македонија.

## Точка 4

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од продолжување на рокот за повлекување на парични средства од Договорот за заем (кредит) склучен помеѓу Јавното претпријатие за државни патишта и Експорт Импорт банка на Кина, заведен под број 08-116/3 од 8.1.2014 година и ПБЦ (2014) 02 (296) од 2.1.2014 година, кој рок треба да биде продолжен и усогласен со новодоговорениот рок за извршување на работите со изведувачот на изградба на автопатот Кичево - Охрид и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, заедно со Министерството за финансии, да подготват Писмо до Експорт Импорт банка на Кина, за продолжување на рокот до 31.12.2021 година за повлекување на парични средства од Договорот за заем (кредит) склучен помеѓу Јавното претпријатие за државни патишта и Експорт Импорт банка на Кина, заведен под број 08-116/3 од 8.1.2014 година и број ПБЦ (2014) 02 (296) од 2.1.2014 година.

2. Се овластуваат заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски и Зоран Китанов, директор на Јавното претпријатие за државни патишта, да го потпишат Писмото до Експорт Импорт банка на Кина, за продолжување на рокот до 31.12.2021 година, за повлекување на парични средства од Договорот за заем (кредит) склучен помеѓу Јавното претпријатие за државни патишта и Експорт Импорт банка на Кина, заведен под број 08-116/3 од 8.1.2014 година и број ПБЦ (2014) 02 (296) од 2.1.2014 година.

## Точка 5

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на постапка за прием на 80 лица во Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници - Скопје (најнов текст), како материјал за информирање.

## Точка 6

Владата ја донесе Одлуката за висина на надоместоците за активности на заштита и благосостојба на животните како и начин на нивна наплата (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 7

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата со болеста инфективна анемија кај копитари (за период од 1.10.2017 година до 30.4.2018 година), ја усвои Информацијата и ја задолжи Агенцијата за храна и ветеринарство, да ја следи состојбата со болеста инфективна анемија кај копитари во Република Македонија и да ја извести Владата за активностите кои се спроведуваат од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство во однос на оваа болест, до 25.12.2018 година.

## Точка 8

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за предусловите и прецизирање на барањата кои треба да ги исполни операторот за воспоставување на системот на управување со нус производи од животинско потекло и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство во рок од пет дена да ја информира Општина Лозово, дека локацијата опишана во точката 2.3 од оваа Информација е избрана како најсоодветна за изградба на централната единица (фабриката) на интегрираниот систем за управување на нус производите од животинско потекло.

2. Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство да ја информира Владата за напредокот на спроведени активности за воспоставување на системот за управување на нус производи од животниско потекло, на секои шест месеци.

## Точка 9

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2018 година (најнов текст), во предложениот текст.

## Точка 10

Владата ја разгледа Информацијата со Анализа на рангот на Република Македонија кај индикаторот „Услови за прекугранично тргување" со предлог-мерки за подобрување на состојбите согласно препораките на извештајот Doing Business 2018 на Светска банка (нов текст) и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата со анализа на рангот на Република Македонија кај индикаторот „Услови за прекугранично тргување" со предлог-мерки за подобрување на состојбите.

2. Се задолжуваат Министерство за економија, Министерство за внатрешни работи - Биро за јавна безбедност, Министерство за економија - Биро за метрологија, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство - Управа за семе и саден материјал, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство - Фитосанитарна управа, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство - Државен инспекторат за земјоделство, Министерство за здравство, Министерство за здравство - Државен санитарен и здравствен инспекторат, Министерство за култура - Управа за заштита на културното наследство, Министерство за транспорт и врски, Министерство за транспорт и врски - Државен инспекторат за транспорт, Агенција за храна и ветеринарство, Агенција за лекови и медицински средства, Институт за стандардизација и Дирекција за радијациона сигурност да подготват предлог-мерки во нивна надлежност со кои ќе се подобри деловното опкружување и ќе се подигне рангот на Република Македонија кај индикаторот „Услови за прекугранично тргување" во наредниот извештај „Doing Business" на Светска Банка и до 1 септември 2018 година да ја информираат Владата.

## Точка 11

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-901/16), откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата предлагачот да го усогласи материјалот со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 12

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за продажба на движна ствар, во предложениот текст.

## Точка 13

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Македонија (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 14

Владата го разгледа Барањето согласност на Листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Дојран и даде согласност на Листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Дојран.

## Точка 15

Владата го разгледа Барањето согласност на Листата за определување имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Кочани (нов текст) и даде согласност на Листата за определување имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Кочани.

## Точка 16

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам, го утврди како Предлог-закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам, по скратена постапка и притоа заклучи:

1. Се задолжува Министерството за финансии да ги усогласи со Секретаријатот за законодавство член 18 став 8 и член 33 став 1 од новиот текст на Предлог-законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам.

2. Се задолжува Министерството за финансии да ги преведе ЕУ мерките и со Секретаријатот за законодавство да ја усогласи Кореспондентната табела на Предлог-законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам.

3. Пречистениот и усогласен текст на Предлог-закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам, по скратена постапка согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменичка на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државен секретар во Министерството за финансии и Блажо Трендафилов, директор на Управа за финансиско разузнавање.

**Точка 17**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за трговските друштва и го утврди како Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, по скратена постапка со следните заклучоци:

1. Во член 1 од текстот на Предлог-законот во делот на броевите на службените весници на Република Македонија, наместо „84/2018“, треба да стои „64/2018“.

2. Текстот на Предлог-законот да се дополни со нов член кој да гласи:

Во членот 500, ставот (7) се менува и гласи:

„Во годишниот извештај за работењето на друштвото од ставот (5) на овој член се наведува идентитетот на сите физички и правни лица кои имаат учество во основната главнина. Во извештајот се наведуваат и измените ако се случиле во текот на една година“.

3. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и м-р Кире Наумов, заменик на министерот за економија, а за повереници Зоран Павловски, државен секретар во Министерството за економија и Билјана Мицковска, раководителка на сектор во Министерството за економија.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објекти за сместување од хотел „Премиер“ - Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел „Премиер“ - Скопје, за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди, со седиште на ул. Јосиф Јосифовски - Свештарот бр.36 Скопје), во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини и тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетите „Црвени Брегови“ Општина Неготино, „Дризла“ Општина Студеничани, „с.Ново Село“ Општина Штип и „Рафче“ Општина Сарај по Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр.197/2017), со пропратни материјали и Тендерска документација (нов текст), ја усвои Информацијата и ја одобри Тендерската документација за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини.

## Точка 20

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесените иницијативи за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини на локалитетите „Ширината“ с.Лаки, Општина Виница, „Жван“ Општина Демир Хисар и „Мерите“ Општина Штип, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини, во предложениот текст.

## Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата за Осмото годишно собрание на акционери на Европа Ре, што ќе се одржи на 26 јуни 2018 година во Цирих, Швајцарија и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за Осмото годишно собрание на акционери на Европа Ре, што ќе се одржи на 26 јуни 2018 година во Цирих, Швајцарија.

2. Се овластува Рефат Хајдари, вршител на работите во Амбасадата на Република Македонија во Швајцарската конфедерација во Берн да ја претставува Владата на Република Македонија на Годишното собрание на акционери на Европа Ре што ќе се одржи на 26 јуни 2018 година, да одлучува и да гласа во нејзино име на следниот начин:

- По точката 1: Презентација и одобрување на финансиските извештаи на Европа Ре за 2017 година - ЗА,

- По точката 2: Одобрување на Годишниот финансиски резултат за 2017 година - ЗА,

- По точката 3: Одобрување на активностите на членовите на Одборот на директори и менаџментот - ЗА,

- По точката 4: Измени на членови од актот на основање - ЗА,

- По точката 5: Избор на Одборот на директори - ЗА и

- По точката 6: Избор на ревизорска фирма - ЗА.

## Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Конвенцијата за заемна административна помош за даночни прашања, со текст на Конвенција и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати текстот на Мултилатералната конвенција за заемна административна помош за даночни прашања.

2. Се определува д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, во име на Владата на Република Македонија, да ја потпише Мултилатералната конвенција за заемна административна помош за даночни прашања, со писмо замена за потпис.

3. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Управата за јавни приходи и Царинската управа, по потпишувањето на Мултилатералната конвенција за заемна административна помош за даночни прашања, да направи акциски и финансиски план за нејзино имплементирање, до крајот на 2019 година.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со основна класа на намена Б3-големи угостителски единици КО Боговиње-вон г.р., Општина Боговиње, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбаниситичка планска документација за изградба на објект со основна класа на намена Б3-големи угостителски единици КО Боговиње-вон г.р., Општина Боговиње, во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Неготино, Општина Неготино, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Неготино, Општина Неготино, во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на бензинска пумпна станица и услужен центар КО Брњарци, Општина Гази Баба, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на бензинска пумпна станица и услужен центар КО Брњарци, Општина Гази Баба, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Глуво Бразда, општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука, го усвои и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата за изградба на пруга Куманово-Бељаковце, заклучно со мај 2018 година (нов текст), ја усвои Информацијата и го задолжи ЈП Македонски железници- Инфраструктура, Скопје да ги преземе сите чекори за најбрзо реализирање на сите активности.

Исто така, Владата ги задолжи органите на управување на ЈП „Македонски железници-Инфраструктура", Скопје во рок од 30 дена да подготват и до Владата да достават информација за имплементацијата и состојбата на Проектот за изградба на пругата Куманово- Бељаковце.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот на Проектот - Изградба на заеднички железнички граничен премин со придружни содржини „Табановце" помеѓу Република Македонија и Република Србија, заклучно со мај 2018 година (нов текст) и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Министерството за транспорт и врски, во рок од пет дена, да достави писмено барање до Европската банка за обнова и развој со кое ќе побара проширување на проектот за Ремонт на железнички Коридор 10 со нова Компонента за изградба на заеднички железнички граничен премин со придружни содржини „Табановце" и пристапен пат без соодветно зголемување на заемот, со што би овозможило зголемување на вкупните трошоци на проектот Ремонт на Коридор 10 на 27.600.000 евра, од кои би се побарало 50% грант компонента како Инвестициски грант преку WBIF. Со ваквиот пристап вкупните проектни трошоци за изградбата на заедничката железничка станица „Табановце" би биле целосно финансирани од WBIF како Инвестициски грант.

**Точка 29**

Владата го разгледа Предлог-законот за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Унгарија за полициска соработка, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници Весна Доревска, помошничка на министерот за внатрешни работи и Наташа Дескоска, директорка во Министерството за надворешни работи.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за учеството на Република Македонија во Заедничката надворешна, безбедносна и одбранбена политика на Европската Унија, во периодот 1 јули - 31 декември 2017 година, со прегледи на декларации, изјави, одлуки на Советот на Европската Унија и други правни акти на Европската Унија од Брисел, Њујорк, Женева, Виена и Стразбур, кон кои Република Македонија, на покана на Европската Унија или

унилатерално, се има придружено (прилог 1 до прилог 5), ја усвои Информацијата и го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија по усвојувањето на Информацијата, да ги објави Прегледите на декларации, изјави, одлуки на Советот на Европската Унија и други правни акти на Европската Унија од Брисел, Њујорк, Женева, Виена и Стразбур, кон кои Република Македонија, на покана на Европската Унија или унилатерално, се има придружено (прилог 1 до прилог 5), во „Службен весник на Република Македонија" во делот „Декларации, заеднички позиции и демарши на Европската Унија кон кои Република Македонија на покана од Европската Унија се придружила/прифатила".

## Точка 31

Владата ја разгледа Информацијата за извршена компаративна анализа во однос на надлежноста за управување со имот опфатен со финансиска мерка, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за правда, во соработка со Агенцијата за управување со одземен имот, да подготви и во рок од шест месеци до Владата да достави Предлог-закон за изменување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка.

## Точка 32

Владата ја разгледа Информацијата за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката на Советот (ЗНБП) 2018/90 од 22 јануари 2018 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2017/2074 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Венецуела, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката на Советот (ЗНБП) 2018/90 од 22 јануари 2018 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2017/2074 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Венецуела, во предложениот текст.

## Точка 33

Владата ја разгледа Информацијата за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2018/421 на Советот од 19 март 2018 година за спроведување на Одлука 2013/255/ЗНБП во врска со рестриктивни мерки против Сирија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2018/421 на Советот од 19 март 2018 година за спроведување на Одлуката 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки против Сирија, во предложениот текст.

## Точка 34

Владата ја разгледа Информацијата за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/476 на Советот од 21 март 2018 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/476 на Советот од 21 март 2018 година за изменување на Одлука (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија, во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/466 на Советот од 21 март 2018 година за изменување на Одлуката 2011/172/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица, субјекти и тела во однос на состојбата во Египет, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/466 на Советот од 21 март 2018 година за изменување на Одлука 2011/172/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица, субјекти и тела во однос на состојбата во Египет, во предложениот текст.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот во процесот на изработка на Стратегискиот одбранбен преглед 2018 (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за одбрана да продолжи со третата етапа на процесот за изработка на Стратегискиот одбранбен преглед 2018 и Стратегијата за одбрана, согласно планираната динамика, до крајот на јуни 2018 година.

2. Се задолжува Министерството за одбрана, најдоцна до 29.6.2018 година да ја информира Владата за изработката на Стратегискиот одбранбен преглед 2018 и Стратегијата за одбрана.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата за преземање и распоредување на професионални војници со навршени 45 години возраст во органите на државната и локалната власт и во други државни органи и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за правда во рок од 30 дена да одржи координативен состанок со Министерството за одбрана, Министерството за финансии и Судскиот буџетски совет, на кој ќе се разгледа можноста за преземање на определен број на професионални војници во судовите, како припадници на судската полиција.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, во соработка со Министерството за одбрана, Министерството за финансии, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Министерството за локална самоуправа, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за труд и социјална политика и Секретаријатот за законодавство, во рок од 30 дена да одржат координативен состанок на кој ќе се разгледа потребата од соодветни измени и дополни на законските решенија од својот домен, а во насока на регулирање на процесот на преземање и распоредување на професионалните војници.

3. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација во рок од 60 дена од реализацијата на иницијалниот координативен состанок до Владата да достави информација за измени на законските решенија за преземање и распоредување на професионалните војници, почнувајќи од 2019 година.

4. Се задолжуваат сите органи на државната управа во рок од 60 дена до Министерството за одбрана да достават информација дали имаат места за преземање и распоредување на професионалните војници со навршени 45 години.

**Точка 38**

Владата го разгледа Извештајот за учество на припадници на Армијата на Република Македонија во Командата за обука, советување и асистенција (КОСА-С) во мировната операција „Одлучна поддршка“ во Исламската Република Авганистан, ротација од септември 2017 година до март 2018 година, го прифати и заклучи да се достави до Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменичка на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана и д-р Беким Максути, заменик на министерката за одбрана.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата за функционалноста на опремата и искористеноста на Втората сервисна магистрала МИМ2 од Платформата за интероперабилност и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за образование и наука и Министерството за надворешни работи, во соработка со Министерството за финансии, да изнајдат начин за обезбедување на финансиски средства потребни за прилагодување на нивните позадински бизнис системи, со цел усогласување на истите за автоматско конзумирање на експонираните сервиси на втората сервисна магистрала, МИМ2, од платформата за интероперабилност и за истото, во рок од 30 дена од усвојувањето на оваа информација, да ја информираат Владата.

2. Се задолжува Министерството за правда да укаже на Судскиот совет на Република Македонија да препорача на Основниот суд Скопје 1 и Основниот суд Скопје 2, во соработка со Министерството за финансии, да изнајдат начин за обезбедување на финансиски средства потребни за прилагодување на нивните позадински бизнис системи, со цел усогласување на истите за автоматско конзумирање на експонираните сервиси на втората сервисна магистрала, МИМ2, од платформата за интероперабилност и за истото, во рок од 30 дена од усвојувањето на оваа информација, да ја информираат Владата.

3. Се укажува на Државната изборна комисија и Македонската академска истражувачка мрежа, во соработка со Министерството за финансии, да изнајдат начин за обезбедување на финансиски средства потребни за прилагодување на нивните позадински бизнис системи, со цел усогласување на истите за автоматско конзумирање на експонираните сервиси на втората сервисна магистрала, МИМ2, од платформата за интероперабилност и за истото, во рок од 30 дена од усвојувањето на оваа информација, да ја информираат Владата.

**Точка 40**

Владата на предлог на предлагачот го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-законот за спречување и заштита од дискриминација.

Предметниот материјал претходно да се разгледа на наредната седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој и на Комисијата за политички систем.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата за Ревидиран оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2018 година, со Ревидиран оперативен план (нов текст), ја усвои Информацијата и го прифати Ревидираниот оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2018 година.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата за текот на подготовката на Проектот за унапредување на социјалните услуги, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии, во рок од 10 дена, да ја подготви и да ја достави до Светска банка Апликацијата за избор на услови за обезбедување на заем од Светска банка за Проектот за унапредување на социјалните услуги.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на активности за воведување дуално стручно образование во средните стручни училишта ја усвои и го задолжи Министерството за образование и наука да ја извести Владата за реализација на активностите за воведување дуално стручно образование од учебната 2018-2019 година, најдоцна до 15.8.2018 година.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за образование и наука да го има предвид укажувањето изнесено во мислењето на Министерството за финансии (доколку реализацијата на активностите предизвика фискални импликации, Министерството за образование и наука да ги обезбеди во рамки на сопствениот буџет, без притоа да се бараат дополнителни финансиски средства).

**Точка 44**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата со Меморандум за соработка за основање на Меѓународен институт за одржливи технологии на Југо - источна Европа, со текст на Меморандум и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Меморандумот за соработка за основање на Меѓународен институт за одржливи технологии на Југо-источна Европа, со употреба на уставното име на Република Македонија секаде во текстот каде се наведени договорните страни и потписници.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи, веднаш по дипломатски пат да оствари контакт со претседавачот на Меѓународен институт за одржливи технологии на Југо-источна Европа, за потпишување на Меморандумот за соработка за основање на Меѓународен институт за одржливи технологии на Југо-источна Европа, под уставното име на Република Македонија.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од изменување на Законот за вработените во јавниот сектор, во одредбите со кои се регулираат правата од работен однос во областа на културата (нов текст), ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за култура во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација, до крајот на 2018 година до Владата да доставaт предлози за законско регулирање на правата од работен однос за вработените од областа на културата.

**Точка 46**

Владата на предлог на м-р Крешник Бектеши, министер за економија го одложи разгледувањето на Предлог-лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за игри на среќа, трговија и услуги „ЗЕРО ЛАЈФ БЕТ“ ДОО Теарце за деловната просторија на ул.„Гоце Делчев“ бр.1 во Теарце за некоја од наредните седници на Владата.

**Точка 47**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Свети Николе, во предложениот текст.

**Точка 48**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ресен (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 49**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на Друштвото за производство, трговија и услуги АС ГРАНУЛАТ ДОО експорт импорт Струга на локалитетот „Градиште“ с.Могорче, Општина Дебар (нов текст), во предложениот текст.

Исто така, Владата заклучи, Министерството за економија да ги има предвид укажувањата на ЈП за државни патишта, при склучувањето на договорот.

**Точка 50**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „5 TORRI 2018“ во Република Италија, во предложениот текст.

**Точка 51**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за правда - Управа за извршување на санкциите (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 52

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Предлог-решението за назначување на членови и заменици членови на Национално координативно тело за следење на имплементацијата на Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2014-2020.

## Точка 53

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Во членот 25 став 1 по зборот урбанистички планови, сврзникот „и“ се брише, се става запирка, а по зборот урбанистичко-планска документација се додаваат зборовите и „општи акти“.

Во член 40 став 1 се брише.

Во член 52 став 3 зборовите Извод од Просторен план се бришат, а се додаваат зборовите Услови за планирање на просторот.

Во членот 83-а се додава нов став (5) кој гласи: Општите акти се изработуваат врз основа на Услови за планирање на просторот.

Членот 14 од Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање не е доволно јасен, односно пропишувањето и формулацијата на овој член е дискутабилна од аспект на дисконтинуитет во плански и проектни документации, Имено, врз основа на Законот, во период од 4 декември 2016 година кога е стапен на сила членот 119 во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 199/14, можно е да се донесени или се во тек на изработка плански и проектни документации за локациите за кои се однесува член 14 и се смета дека за секој од овие урбанистички планови и урбанистичко-плански документации поединечно да се направи евалуација, која ќе ги опфати сите околности и можни импликации предизвикани од пропишувањето на овој член и која ќе укаже на можни неусогласености со важечките прописи. Исто така, од периодот на донесување, односно одобрување на урбанистичките планови и урбанистичко-планските документации за локациите за кои се однесува член 14, донесени се и нови закони и подзаконски акти кои би влијаеле при нивна понатамошна разработка.

Исто така, се предлага текстот на Предлог-законот да се дополни со следната преодна одредба:

„Одредбите на овој закон се применуваат за сите урбанистички планови за кои до денот на влегување во сила на овој закој не е издадена согласност, како и за урбанистичко-планските и урбанистичко-проектните документации кои не се одобрени до денот на влегување во сила на овој закон.

**Точка 54**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за државен пазарен инспекторат поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Со Предлог-законот за изменување на Законот за државен пазарен инспекторат се врши промена во условите кои се однесуваат на инспекторите кои што се вработени во инспекторатот, во насока на усогласување со одредбите од Законот за инспекциски надзор и Законот за административните службеници.

Согласно горенаведеното, Владата нема забелешки по Предлог-законот за изменување на Законот за државен пазарен инспекторат предложен од група пратеници и му предлага на Собранието да го донесе истиот.

**Точка 55**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-законот за изменување на Законот за основање на Технолошко - технички факултет, Ветеринарен факултет и Правен факултет во состав на Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола, поради потребата Министерството за образование и наука да достави до Владата мислење и да се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој и Комисијата за политички систем.

**Точка 56**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење, поднесен од група пратеници, утврди позитивно мислење по Предлог-законот и му предлага на Собранието на Република Македонија да го донесе Законот.

**Точка 57**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Годишниот извештај за работата на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2017 година, поради потребата Министерството за економија да достави обединето мислење со Мислењето на Министерството за финансии.

Предметниот материјал претходно да се разгледа на наредната седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 58**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 3, став 1, точка 3 од Законот за комунални такси, поднесено од градоначалникот на Општина Делчево и притоа го утврди следното мислење:

Барањето за давање на автентично толкување на одредбата од членот 3 став 1 точка 3 од Законот за комуналните такси, подносителот го поднел за прашање кое се однесува на

предметот на оданочување, во делот каде е пропишано дека комуналните такси се плаќаат за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност.

Барањето за давање на автентично толкување на член 3 став 1 точка 3 од Законот за комуналните такси се однесува на тоа дали со оваа такса треба да бидат задолжени сите корисници на просторот пред деловната просторија за вршење на дејност, без разлика на тоа дали просторот пред деловната просторија за вршење на дејност е во државна или во приватна сопственост или оваа такса треба да ја плаќаат само корисниците на просторот пред деловна просторија кој е во државна сопственост, а се користи за извршување на дејност.

Имено, согласно член 1 од Законот за комуналните такси со овој закон се уредуваат комуналните такси што се плаќаат за користење на определени права, предмети и услуги од јавен интерес од локално значење од страна на правните и физичките лица кои вршат дејност и од граѓаните.

Согласно член 4 од погоре наведениот Закон, обврзник на комунална такса е физичко и правно лице и граѓанинот кои користат определени права, предмети и услуги за чие користење е пропишано плаќања на комунална такса.

Согласно член 5 од истоимениот Закон, кој се однесува на определување на висината на комуналната такса, овој вид на комунална такса се утврдува по метар квадратен корисна површина.

Од сето погоре наведено, јасно произлегува дека за користење на просторот пред деловната просторија, корисникот е обврзан со плаќање на комунална такса, без разлика на сопственоста на земјиштето.

Имајќи го предвид наведеното Владата на Република Македонија му предлага на Собранието на Република Македонија да не го прифати Барањето за давање на автентично толкување на одредбите од член 3, став 1, точка 3 од Законот за комуналните такси („Службен весник на Република Македонија" бр.61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/12, 192/15 и 23/16), поднесено до Собранието на Република Македонија од страна на градоначалникот на Општина Делчево, со оглед на тоа што одредбата на овој член е јасна и прецизна.

**<u>Точка 59</u>**

Владата го разгледа Решението на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.63/2017, донесено на седницата одржана на 18 април 2018 година, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 4 став 3 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/14, 53/16 и 11/18) поднесено од адвокат Никола Источки и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 1 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка е надлежна за решавање по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциска

постапка, како и по жалби против одлуките за прекршок што се донесени од прекршочен орган, кога со закон е пропишано да одлучуваат во прекршочна постапка.

Во постапката за решавање по жалби Државната комисија ги применува одредбите од Законот за општата управна постапка, Законот за инспекциски надзор и Законот за прекршоците доколку со овој или друг закон поинаку не е уредено.

Според член 3 став 2 од наведениот Закон, претседателот и членовите на Државната комисија ги избира по пат на јавен конкурс и ги разрешува Собранието на Република Македонија на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.

Во член 4 ставови 1 и 2 од наведениот Закон, се наведени случаите во кои им престанува мандатот на претседателот или членот на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка и случаите за разрешување на претседателот или членот на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка пред истекот на мандатот.

Согласно член 4 став 3 од Законот, предлог за разрешување на претседателот и членот на Државната комисија може да поднесе и Владата на Република Македонија.

Од наведените законски одредби произлегува дека претседателот и членовите на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка ги разрешува Собранието на Република Македонија на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија, а предлог за разрешување може да поднесе и Владата на Република Македонија.

Оттука, се смета дека ова овластување не претставува навлегување на извршната во законодавната власт, со оглед дека Владата на Република Македонија само дава предлог за разрешување на претседателот и членот на Државната комисија, а Собранието на Република Македонија го цени постоењето на причини за разрешување на претседателот или членот на Државната комисија пред истекот на мандатот.

Со оглед дека оспорената одредба од член 4 став 3 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка се однесува исклучиво за давање предлог за разрешување на претседателот и членот на Државната комисија, а не и за донесување на конечна одлука за нивно разрешување, се смета дека со истата не се повредува начелото на владеење на правото и начелото на поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска.

Доколку Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка не работи согласно Уставот и законските одредби, Владата на Република Македонија има право во рамки на своите надлежности утврдени со Уставот и со закон, да поднесе предлог за разрешување на претседателот на комисијата и членовите пред истекот на нивниот мандат до Собранието на Република Македонија во случаи утврдени со закон и заради неправилно и непрописно вршење на работите наведени со закон.

Согласно наведеното, а во функција на доследно спроведување на Законот, во конкретниот случај се смета дека не станува збор за навлегување на извршната во законодавната власт од причина што со оспорената одредба само се уредува правото на Владата на Република Македонија доколку утврди дека не се применуваат законските одредби во материјалните закони од страна на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка да поднесе предлог за разрешување на претседателот на комисијата и членовите на истата.

Врз основа на горенаведеното Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да ги има предвид изнесените аргументи во ова мислење при донесувањето на својата одлука.

Имајќи го предвид наведеното, се укажува дека членот 4 став 3 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/14, 53/16 и 11/18), е во согласност со Уставот на Република Македонија, Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да донесе решение за запирање на постапката за оценување на уставноста на оваа одредба од Законот.

## Точка 60

Владата ја разгледа Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на членот 78 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09,130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15 и 27/16), поднесена од Лилјана Кочоска од Скопје и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот на Иницијативата смета дека содржината на членот 78 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09,130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15 и 27/16) е во спротивност со неговиот наслов, дека понудата на нов променет договор, по претходно врачување на отказ значи престанок на правната важност на договорот за вработување, дека истиот претставува уцена за продолжување на работниот однос, а не понуда, дека овозможува дискриминаторски однос спрема работникот и дека многу често се користи за манипулаторски цели.

Согласно наводите во Иницијативата, наведениот член е во спротивност со членот 32 од Уставот на Република Македонија, како и во спротивност со членот 5 став 1 точка 1, членовите 6, 7, 12, 28-а став 4 и членот 62 од Законот за работните односи.

Согласно член 32 од Уставот, секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност. Секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место. Секој вработен има право на соодветна заработувачка. Секој вработен има право на платен дневен, неделен и годишен одмор. Од овие права вработените не можат да се откажат. Остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори.

Согласно член 5 став 1 точка 1 од Законот за работните односи “работниот однос” е договорен однос меѓу работникот и работодавачот во кој работникот доброволно се

вклучува во организираниот процес на работа кај работодавачот, за плата и други примања, лично непрекинато ја извршува работата според упатствата и под надзор на работодавачот.

Согласно член 6 од истиот Закон, работодавачот не смее барателот на вработување или работникот, да го става во нееднаква положба заради расно или етничко потекло, бојата на кожата, полот, возраста, здравствената состојба, односно инвалидност, религиозното, политичко или друго убедување, членување во синдикатите, националното или социјалното потекло, статус на семејството, имотната состојба, половата насоченост или заради други лични околности. Истиот член предвидува дека на жените и мажите мораат да им бидат обезбедени еднакви можности и еднаков третман во врска со:

1) пристап до вработување, вклучувајќи унапредување и стручна и професионална обука во работата;

2) условите за работа;

3) еднаква исплата за еднаква работа;

4) професионални шеми за социјалното осигурување;

5) отсуство од работа;

6) работно време и

7) откажување на договорот за вработување.

Притоа, споменатиот принцип на еднаков третман подразбира забрана за директна и/или индиректна дискриминација.

Согласно член 7 став 1 од Законот, забраната на директна или индиректна дискриминација во случаите од членот 6 на Законот, се однесува на дискриминација на кандидатот за вработување и на работникот. Директна дискриминација, е секое постапување условувано со некои од основите од членот 6 на овој Закон со кое лицето било ставено, се става, или би можело да биде ставено во понеповолна положба од други лица во споредбени случаи. Понатаму, индиректна дискриминација, во смисла на овој Закон, постои кога определена навидум неутрална одредба, критериум или пракса, го става или би го ставила во понеповолна положба во однос на другите лица, кандидатот за вработување или работникот поради определено својство, статус, определување или уверување од членот 6 на овој Закон. Дискриминацијата, во смисла на членот 6 од овој Закон, кај работодавачот е забранета во однос на:

1) условите за вработување, вклучувајќи ги и критериумите и условите за избор на кандидати за вршење на определена работа, во која било гранка односно оддел, согласно со Националната класификација на дејности и на сите нивоа на професионална хиерархија;

2) напредувањето во работата;

3) пристапот до сите видови и степени на стручно оспособување, преквалификација и доквалификација;

4) условите за работење и работа и сите права од работен однос и во врска со работниот однос, вклучувајќи и еднаквост на плати;

5) откажувањето на договорот за работа и

6) правата на членовите и дејствувањето во здруженијата на работниците и работодавачите или во која било друга професионална организација, вклучувајќи ги и повластиците кои произлегуваат од тоа членство. Притоа, одредбите на колективните договори и договорите за вработување со кои се утврдува дискриминација на некој од основите од членот 6 на овој Закон се ништовни.

Согласно членот 12 од Законот за работните односи, при склучувањето и престанувањето на договорот за вработување и во времетраењето на работниот однос работодавачот и работникот се должни да ги почитуваат одредбите на овој и други закони, меѓународните договори што ја обврзуваат Република Македонија и другите прописи, колективните договори и актите на работодавачот.

Со договорот за вработување, односно со колективен договор не може да се определат помали права од правата утврдени со закон, а ако содржат такви одредби, се сметаат за ништовни и се применуваат соодветни одредби од закон.

Со договорот за вработување, односно со колективен договор може да се одредат правата, кои за работниците се поповолни, отколку што ги определува овој Закон.

Правата од работен однос утврдени со Уставот, закон и колективен договор не можат да се одземаат или ограничат со акти и дејствија на работодавачот.

Согласно член 28-а став 4 од истиот Закон, измените на договорот за вработување можат да бидат извршени ако и двете страни се договорат за истото.

Согласно член 62 од Законот за работните односи, договорот за вработување престанува да важи: со изминување на времето за коешто бил склучен; со смрт на работникот или работодавачот (физичко лице); поради престанување на работодавачот согласно со закон; со спогодбено раскинување; со отказ; со судска пресуда и во други случаи утврдени со закон.

Согласно член 78, одредбите на овој Закон што се однесуваат на откажување на договорот за вработување, се применуваат и во случајот кога работодавачот го откажува договорот за вработување и на работникот истовремено му предлага склучување на нов променет договор за вработување.

Притоа, работникот мора да се изјасни за новиот, променет договор за вработување во рок од 15 дена од денот на приемот на понудата. Доколку работникот ја прифати понудата на работодавачот, нема право на отпремнина поради престанување на претходниот договор за вработување, а го задржува правото да ја оспорува пред надлежниот суд одлуката за промена на договорот за вработување.

Согласно членот 78, откажувањето на постојниот договор за вработување и истовремено нудење на работникот на нов, променет договор, е правна ситуација која исклучува дискриминираност на која се повикува подносителот на Иницијативата. Истовременоста на

откажување на постојниот и нудењето на нов, променет договор за вработување, овозможува продолжување на заштитата на работникот по основ на новиот договор и едновремено продолжување на работниот однос. Истовремено, во овој случај, постои правна можност за работникот, преку судска заштита, да бара преоценување на оправданоста на доставувањето на нов, променет договор за вработување.

Исто така, со потпишувањето на новиот договор се обезбедува конзистентност на работниот однос, а од друга страна, доколку се докаже неоснованоста на променетиот договор во соодветна постапка пред надлежен орган, работникот ќе се стекне и со право да биде вратен на претходното работно место и да му се надомести штетата настаната со промената.

Иако на работникот му се дава отказ, истиот е условен, и до престанок на работниот однос ќе дојде само доколку работникот не го потпише новиот договор за вработување. Наводите на подносителот на Иницијативата за злоупотребата на новиот променет договор како правна алатка за уцена за работникот да потпише нов договор за вработување со помала плата, е погрешна примена на материјалното право, бидејќи ваквите промени во договорите се прават согласно член 28-а, со потпишување на анекс на договорот со вклученост на двете договорни страни. Фактички, ова значи дека нудењето на нов, променет договор е наменет за случаите кога постои правна основаност, односно причина за отказ на постојниот договор за вработување, а во сите други случаи, постоечкиот договор за вработување се менува со анекс. Понудувањето на нов, променет договор за вработување значи можност работникот да го продолжи работниот однос кај истиот работодавач, во ситуации кога се исполнети условите за откажување на постоечкиот договор за вработување, но пред се членот 78 треба да се применува кога има откажување на договорот за вработување од деловни причини, како една од можностите за олеснување на последиците од престанокот на работниот однос од деловни причини.

Согласно наведеното, при понудата на нов, променет договор за вработување, секогаш останува правото на преиспитување на основаноста за нудењето на нов, променет договор и понатаму, со правото на судска заштита, дадено во член 78 став 3, се обезбедува заштита на интересите на работниците од работниот однос, заштита на достоинството, односно се оoбезбедува функционалност на слободата на трудот, како уставно загарантирани права во член 32 од Уставот на Република Македонија.

Имајќи го предвид наведеното, се смета дека оспорената законска одредба е во согласност со членот 32 од Уставот на Република Македонија и не е во спротивност со членот 5 став 1 точка 1, членовите 6, 7, 12, 28-а став 4 и членот 62 од Законот за работните односи.

Согласно горенаведеното Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да ја отфрли како неоснована Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на членот 78 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09,130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15 и 27/16).

## **Точка 61**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од адвокат Павлина Зефиќ од Скопје, до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.19/2018 за поведување на постапка за

оценување на уставноста на член 19 ставот (1), член 21 точката 2, член 35 ставот (2) во делот „а ако за причина за изземањето од член 33 став (1) дознале подоцна, барањето го поднесуваат веднаш по дознавањето“, член 79 ставот (2) во делот „препис од“, членот 153, член 169 ставот (2) во делот „во рок од 24 часа“ и во делот „жалбата со препис од записникот за сослушување, ако притвореното лице е сослушано и решението за притвор се доставуваат веднаш до советот. Жалбата не го задржува извршувањето на решението, како и на ставот (3) во делот „во рок од 24 часа“, член 170 ставот (5) во делот „во рок од пет часа“, член 173 ставот (3), член 183 ставот (2) во делот „или кога во однос на затеченото лице постојат услови за претрес без наредба“ , член 185 ставот (1) во делот „просторот во кој е затечено лицето во време на преземањето на претресувањето и средството за превоз кое се користи во време на претресувањето“, член 190 ставот (3), членот 193, член 194 ставот (3), член 196 ставот (1), член 200 ставовите (3) и (8), членот 249, членот 256 во делот „мерките од член 252 став (1) точките 6, 7, 8, 9, 10, 11 и 12 на овој закон ги определува јавниот обвинител со писмена наредба“, членот 258, член 260 ставовите (2), (3) и (4), членот 261 во делот „ќе се уништат под надзор на судијата, а за тоа јавниот обвинител ќе изготви записник“, членот 262 во делот „по барање“ и во делот „засегнатото лице барањето може да го достави до судот“, членот 267 во делот „во рок од 15 месеци“, член 276 став (2) точката 6, член 277 ставот (1), член 292 ставот (2), член 296 ставот (1), член 301 ставот (4), член 302 ставот (3) во делот „да составуваат“, како и ставот (4) во делот „во рок од 15 дена“, член 384 ставот (1), член 393 ставот (1), член 409 ставот (2), член 411 ставот (4), членовите 468, 469, 470, 471, 472, 473, 474, 475, 476, 477, 478, 479, 480, 481 и 482, член 475 ставот (8) и член 476 ставот (2) во делот „но дека во случај кога одбраната не е задолжителна, поради недоаѓање на бранителот на главната расправа и земање бранител дури на главната расправа, не мора да се одложи главната расправа“, од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија” број 150/10, 100/12 и 142/16) и притоа го утврди следново мислење:

Со Иницијативата се оспоруваат горенаведените членови од Законот за кривичната постапка.

Истакнуваме дека за дел од оспорените одредби во Иницијативата не се работи за нивна спротивност со Уставот на Република Македонија, туку во Иницијативата се расправа за нивната целисходност, што не спаѓа во рамките на надлежностите на Уставниот суд. Исто така, за дел од оспорените одредби, во Иницијативата се проблематизира нивната примена во практиката што, исто така, не може да биде предмет на оценување од страна на Уставниот суд согласно неговите надлежности. Во тој контекст, истакнуваме дека во рамките на Министерството за правда работи Работна група која работи на отстранување на лоцираните недостатоци на Законот за кривичната постапка, врз основа на анализа изготвена во текот на спроведувањето на обуките на субјектите кои го применуваат Законот.

1.

Подносителот на Иницијативата наведува дека член 19, став 1 е спротивен на член 8 алинеја 6, член 15 од Уставот на Република Македонија, како и со членовите 6 и 13 од Европската конвенција за човековите права.

Како што наведува подносителот на Иницијативата, став 1 од член 19 од Законот за кривичната постапка, не е во согланост со член 15 од Уставот на Република Македонија, со кој се предвидува правото на жалба или друг вид на правна заштита против поединечни правни акти донесени во постапка во прв степен. Имено, во член 19 се говори за започнување на кривичната постапка, односно кога може да се каже дека имаме акт со кој

против одредена личност започнува постапка. Со започнувањето на кривична постапка се ограничуваат одредени права и слободи на лица или поединци, а не е предвидено притоа право на жалба, ниту пак друга правна заштита онака како што налага самиот Устав. Согласно наведеното во Иницијативата, ваквата одредба не е во согласност ниту со член 6 и член 13 од Европската конвенција за човековите права, односно не е предвиден „делотоворен правен лек“ против одлуката на Јавниот обвинител да спроведе истрага. Со ваквата одредба воопшто не постои заштита против незаконитост и арбитрерност при започнувањето на кривичната постапка и истрагата од страна на јавниот обвинител. Исто така, во Иницијативата се наведува и дека започнувањето на предистражната и истражната постапка треба да биде во духот на водење на законита постапка, па поради тоа законодавецот морал да предвиди правно средство во случај на арбитирано водење на кривичната постапка и истрагата, со која на личноста за која постои основано сомнение дека сторил кривично дело и се дава можност за судска заштита. Понатаму, се наведува дека законодавецот е должен да предвиди обврска службено да се извести осомниченото лице и во одредбите на Законот за кривичната постапка да биде предвидено делотворно правно средство за заштита од незаконско (арбитрерно) гонење. Од тој момент на осомниченото лице ќе му бидат на располагање и сите гаранции предвидени со член 6 од Конвенцијата.

Во членот 19 од Законот за кривичната постапка е уредена материјата за започнување на кривичната постапка и последиците од започнувањето на постапката. Согласно ставот (1) од овој член, „Кривичната постапка започнува со издавање на наредба за спроведување истражна постапка, или со првото преземено истражно дејствие пред да биде издадена наредба за спроведување истражна постапка, со определување на главната расправа по обвинителен предлог или приватна тужба, со предлог за издавање казнен налог или со предлог за определување мерка на безбедност.“ Во ставот (2) од наведениот член е уредено дека „Кога е пропишано дека започнувањето на кривична постапка има за последици ограничување на определени права, тие настапуваат со одобрување на обвинителниот акт.“

Во член 8, став 1, во алинејата 6 од Уставот на Република Македонија, меѓу другите, како темелна вредност на уставниот поредок е утврдена правната заштита на сопственоста.

Во Амандманот XXI од Уставот е пропишано дека „Се гарантира правото на жалба против одлуки донесени во постапка во прв степен пред суд. Правото на жалба или друг вид на правна заштита против поединечни правни акти донесени во постапка во прв степен пред орган на државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања се уредува со закон.“

Се смета дека член 19, став 1 не е во спротивност со цитираните уставни одредби, ниту пак со Европската конвенција за човекови права. Имено, одлуката за гонење е уставна обврска на јавното обвинителство. Така, во членот 106 од Уставот на Република Македониија е пропишано дека „Јавното обвинителство е единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривични дела и на други со закон утврдени казниви дела и врши и други работи утврдени со закон.“

Исто така, се смета дека наводите изнесени во Иницијативата се неосновани од причина што одбраната има право да ја оспорува основаноста на овинителниот акт, како и право на жалба на првостепената пресуда. Во оваа фаза од кривичната постапка (истражната постапка) само се прибираат докази, а не се изведуваат формални дејствија. Во тој

контекст, јавниот обвинител не води формална постапка во која што се изведуваат докази, туку само прибира докази кои му се неопходни за донесување на одлуката за обвинението. Во корист на наведеното е и фактот дека, по правило, последиците за лицето започнуваат дури со одобрување на обвинителниот акт, што е уредено со посебни закони (на пр. член 67 од Законот за судовите, член 52 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонија и др.).

2.
Подносителот на Иницијативата наведува дека член 21 точка 2 не е во согласност со член 13 од Уставот на Република Македонија и член 6 од Европската конвенција за човековите права. Имено, согласно наведеното во Иницијативата, оспорената точка од членот 21 кој ги уредува изразите во Законот за кривичната постапка, не е во согласност со начелото на презумпција на невиност, бидејќи самиот израз упатува на вина на лицето против кое е покрената кривична постапка нарекувајќи го истиот „обвинет“. Уставот вели дека секое лице против кое се води кривична постапка ќе се смета за невино се додека не се утврди неговата вина со правосилна судска одлука. Па така користејќи го терминот „обвинет“ за одредено лице чие што сомнение за сторено кривично дело не е потврдено од страна на судот, е негово етикетирање и упатување за постоење на негова вина. Називот „обвинет“ провејува и во одредбите кои ја регулираат истражната постапка (пр. 294 став 1), а водењето на истражна постапка не подразбира дека секогаш ќе биде покренато обвинение против лицето кое се сомничи за сторено кривично дело. Ваквата законска формулација несомено упатува на заклучок дека лицето е виновно, изразува мислење дека тој го сторил кривичното дело, а понатаму во судската постапка може да се докаже спротивното.

Во член 21, точка 2 од Законот за кривичната постапка е дефиниран изразот „обвинет“. Согласно оваа точка, „Обвинет е лице против кое е потврден обвинителен акт, поднесен обвинителен предлог, поднесен предлог за примена на мерка за безбедност, поднесена приватна тужба или поднесен предлог за издавање на казнен налог. Изразот обвинет во овој Закон се употребува и како општ назив за осомничен, обвинет и осуден“.

Согласно членот 13 од Уставот на Република Македонија, „Лицето обвинето за казниво дело ќе се смета за невино се додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска одлука. Лицето незаконито лишено од слобода, притворено или незаконито осудено, има право на надомест на штета и други права утврдени со закон.“

Во контекст на изнесените наводи во Иницијативата, истакнуваме дека тие се целосно неосновани. Имено, во член 21, во точката 2 од Законот за кривичната постапка поимот „обвинет“ е дефиниран во потесна, но и во поширока смисла. Во потесна смисла, статус на „обвинет“ лицето добива со одобрувањето на обвинителниот акт и неговото влегување во сила, што е пропишано со членот 321 од Законот за кривичната постапка. Понатаму, статусот на „обвинет“ лицето го стекнува и со закажана главна расправа по поднесен обвинителен предлог односно приватна тужба во скратена постапка, што е пропишано со членот 469 од Законот за кривичната постапка. Исто така, лицето добива статус на „обвинет“ и со предлог за издавање казнен налог односно предлог за примена на мерка за безбедност кон непресметлив сторител, што е пропишано со членот 522 од Законот за кривичната постапка. Покрај во потесна, Законот го дефинира поимот „обвинет“ и во поширока смисла. Согласно овој концепт, поимот „обвинет“ се употребува и како генерички поим за осомничен, обвинет и осуден, односно против секое лице против кое се води кривичната постапка, без оглед на фактот дали е таа формално започната, во кој стадиум се наоѓа и дали е донесена првостепена пресуда или не. Во контекст на

наведеното, истакнуваме дека наводите изнесени во Иницијативата се неосновани од причина што поимот „обвинет“ се користи во заштитна смисла. Имено, во кривичната постапка на обвинетиот му следуваат гаранции, поради што и користењето на поимот „обвинет“ како генерички поим има заштитна улога.

Исто така, истакнуваме дека Европската конвенција за човекови права не бара соодветно користење на термините кои таа ги употребува во националните законодавства. Напротив, таа дозволува тие да користат и различни термини кои се многу подетални (поинаква и подетална терминологија). Во тој контекст, истакнуваме дека Конвенцијата и Судот ги користат термините во автономна смисла на Судот.

3.
Подносителот на Иницијативата наведува дека член 35 став 2, во делот „а ако за причината за изземањето од член 33 став (1) на овој Закон дознале подоцна, барањето го поднесуваат веднаш по дознавањето“ е во спротивност со член 6 од Европската конвенција за човековите права. Имено, согласно наведеното во Иницијативата, во член 35 став 2 од Законот за кривичната постапка, наведено е временско ограничување за поднесување на барање за изземање, до почетокот на главната расправа, кое не е во согласност со Конвенцијата и правото на правично судење. Истото е од причина што се исклучува можноста за оспорување на субјективната пристрасност на судијата или судијата поротник, а за околности кои ја доведуваат во прашање непристрасноста но настанале по отпочнување на главната расправа. Фактори кои влијаат врз субјективната пристрасност на судијата може да се јават и по започнувањето на главната расправа па поради тоа законодавецот не смеел да воведе вакво ограничување за странките.

Во членот 35 од Законот за кривичната постапка е уредена материјата за Изземање по барање на странките. Согласно ставот (1) од овој член, „Изземање можат да бараат и странките.“ Во ставот 2 е пропишано дека „Странките можат да поднесат барање за изземање до почетокот на главната расправа, а ако за причината за изземањето од членот 33 став (1) на овој Закон дознале подоцна, барањето го поднесуваат веднаш по дознавањето. Согласно ставот (3), „Барањето за изземање на судија на повисокиот суд, странката може да го стави во жалбата или во одговорот на жалбата.“ Во ставот (4) е регулирано дека „Странката може да бара изземање на судија само поименично определен или на судија - поротник кој постапува во предметот, односно на судија на повисокиот суд.“ Согласно ставот (5), „За претседателот на судот не може да се поднесе барање за изземање, освен кога тој постапува како судија, а за неговото изземање одлучува претседателот на непосредно повисокиот суд.“ Во ставот (6) е пропишано дека „Странката е должна во барањето да ги наведе околностите поради кои смета дека постои некој од законските основи за изземање.“ Согласно ставот (7) „Не е дозволено барање за изземање ако е засновано врз исти причини, односно околности за кои веќе е одлучено. Против решението со кое барањето за изземање е отфрлено не е дозволена посебна жалба.“

Правото да се бара изземање на судија или на судија-поротник е едно од основните права со кои се гарантира непристрасноста на судијата, што е дел на концептот за правично судење. Интенцијата на законодавецот во дефинирањето на ставот (2) од членот 35 во кој го лимитира правото за поднесување барање за изземање до почетокот на главната расправа, а ако за причината за изземањето од членот 33 став (1) на овој Закон дознале подоцна, барањето го поднесуваат веднаш по дознавањето, е непотребно одолговлекување на постапката. Во таа насока, истакнуваме дека изнесените наводи во Иницијативата се

целосно неосновани. Имено, непостоењето на ваква одредба ќе овозможи евентуална злоупотреба на ова право со цел да се одолговлекува постапката.

Во контекст на компаративното право, ова решение е многу поповолно. Имено, во одредени законодавства е прифатено решение согласно кое доколку намерно биде поднесен доказ подоцна, а тој бил познат претходно, тој доказ може да биде исклучен.

Исто така, истакнуваме дека оспорената одредба од Законот за кривичната постапка не е спротивна со ниту еден член од Уставот на Република Македонија затоа што во него и не постои член кој ја регулира оваа материја. Напротив, вака дефинираната одредба од Законот за кривичната постака е на линија на членот 6 од Евроската конвенција за човековите права со кој, меѓу другото, се гарантира правото на судење во разумен рок.

4.
Подносителот на Иницијативата наведува дека член 79 став 2, делот „препис од“ не е во согласност со член 6 од Европската конвенција за човековите права. Имено, согласно Иницијативата, за да може да се говори за еднаквост на оружјата, еднаквост на странките и делотворна одбрана, главен предуслов е одбраната да се запознае со сите докази со кои располага органот за прогон. Но, законодавецот, навел во оспорената одредба дека бранителот има право да добие препис, па истото се толкува дека бранителот може при вршењето на увид на списите рачно да составува преписи од истите, како би можел да се запознае со доказите. Зборот „препис“ честопати во пракса се толкува како создавање на белешки за доказите и материјалите, а истото е невозможно да се стори особено во сложени предмети со илјадници страни докази и материјали.

Во членот 79 од Законот за кривичната постапка е уредена материјата за увид на бранителот во списите. Имено, во ставот (1) од наведениот член е пропишано дека „Во текот на кривичната постапка, бранителот има право да ги разгледа списите и доказите, согласно со одредбите од овој Закон.“ Согласно ставот (2) од овој член „Бранителот има право да направи увид и да добие препис од записниците и другите списи од дејствијата на кои одбраната имала право да присуствува, а кои се чуваат во јавното обвинителство.“

Истакнуваме дека оспорената одредба е во целосна согласност со Уставот на Република Македонија. Евентуалните проблеми во примената на оваа одредба во практиката (што особено се наведува во Иницијативата) не спаѓаат во рамките на надлежностите на Уставниот суд. Исто така, цитираната јуриспруденција на Европскиот суд за човекови права (Доленец против Хрватска) не е релевантна во контекст на оспорениот член од Законот за кривичната постапка. Имено, во цитираниот предмет, Судот во Стразбур утврдил повреда на Конвенцијата затоа што на обвинетиот не му била дадена можност да добие фотокопија од доказите. Оваа аргументација е несоодветна за оспорената одредба, со оглед дека во неа е предвидено правото бранителот да направи увид и да добие препис од со закон предвидени документи. Под поимот препис, секако, се подразбира фотокопија од бараните документи. Имено, препис претставува синоним за документ со автентичност во рамките на кривичната постапка.

Би сакале да истакнеме дека ставот 1 од овој член е упатувачка одредба, бидејќи во него се наведува дека ова право се остварува согласно одредбите од овој Закон. Во тој контекст, се нагласува дека при практичното остварување на ова право од страна на обвинетиот и неговиот бранител треба да се имаат во вид останатите одредби на законот со кои е регулирано остварувањето правото на обвинетиот и неговиот бранител на увид во списите

и доказите. Така, на пример, во член 206, во ставот (1) каде се дадени правата на кои обвинетиот се поучува пред неговото испитување, во точка 5 е наведено дека пред испитување обвинетиот ќе се поучи дека има право на увид во списите и да ги разгледува предметите кои се одземени. Исто така, обвинетиот и неговиот бранител имаат право на увид во списите на јавното обвинителство и доказите кои што се прибавени по завршување на истражната постапка. И во член 302, во ставот (3) се наведува дека во известувањето за завршување на истражната постапка кое јавниот обвинител го доставува до обвинетиот и неговиот бранител, обвинетиот и неговиот бранител се известуваат и дека сите списи од спроведената истражна постапка се дадени на чување во архивата на јавното обвинителство и дека осомничениот и неговиот бранител имаат право да ги прегледуваат списите и доказите и да составуваат препис.

Во Законот за кривичната постапка е пропишано и дека пред поднесување на обвинителен предлог или предлог за издавање казнен налог, јавниот обвинител треба да го извести обвинетиот и неговиот бранител за нивното право да извршат увид во списите на јавниот обвинител и доказите кои тој ги прибавил.

5.
Подносителот на Иницијативата наведува дека член 153 не е во согласност со член 8 алинеја 6, член 30 од Уставот на Република Македонија и член 1 од Протоколот број 1 на Европската конвенција за човековите права. Согласно подносителот на Иницијативата, Уставот на Република Македонија гарантира правна заштита на сопственоста, додека во член 30 предвидува право на сопственост, со кој се предвидува дека никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон. Доколку се погледне одредбата 150 од Законот за кривичната постапка, може да се забележи дека гаранција може да даде обвинетиот лично или пак некое друго лице. Со одредбата која е оспорена, се предвидува одземање на гаранцијата во случај на прекршување на правилата наведени во ставот 1. Но, во истиот член се наведува дека освен што гаранцијата ќе биде одземена, односно ќе пропадне, на обвинетиот ќе му се определи и мерка притвор, што доведува до несразмер, меѓу последиците (одземање на сопственоста) и нискиот стандард кој постои во овој случај „основано сомнение“ за да може гаранцијата да се примени и дополнителната „казна“ која следува - изрекување мерка притвор. Со оваа одредба, одземањето на сопственоста е дополнителна казна. Имајќи ја во предвид праксата на Европскиот суд за човекови права, подносителот наведува дека е очигледно дека оваа одредба не содржи противтежа на предвидените мерки а) пропаѓање на гаранцијата и одредување на мерката притвор и б) не постои штета на страна на државата.

Во членот 153 од Законот за кривичната постапка е уредена материјата за пропаѓање на гаранцијата. Согласно ставот (1) од наведениот член, „Положената гаранција ќе пропадне и на обвинетиот ќе му се определи притвор, ако:
- не дојде на уредно доставената покана и за тоа не го оправда изостанокот;
- побегне и
- го повтори или доврши кривичното дело или го стори кривичното дело со кое се заканува.“
Во ставот (2) од наведениот член е пропишано дека во случаите од ставот (1) на овој член положената гаранција пропаѓа и со решение ќе се одлучи вредноста дадена како гаранција да се внесе како приход во Буџетот на Република Македонија.

Во член 8 став 1 во алинејата 6 од Уставот на Република Македонија, меѓу другите, како темелна вредност на уставниот поредок е утврдена правната заштита на сопственоста.

Во членот 30 од Уставот е пропишано дека „Се гарантира правото на сопственост и правото на наследување. Сопственоста создава права и обврски и треба да служи за добро на поединецот и на заедницата. Никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон. Во случај на експропријација на сопственоста или во случај на ограничување на сопственоста се гарантира праведен надомест кој не може да биде понизок од пазарната вредност."

Во контекст на оспорената одредба, истакнуваме дека изнесените наводи во Иницијативата се целосно неосновани. Дополнително, се смета дека оспорениот член не е лимитиран од ниту еден член содржан во Уставот на Република Македонија. Логиката на вака дефинираното решение е дека доколку полесната е неуспешна, во тој случај се применува потешката мерка. Гаранцијата лицето ја дава доброволно за да не му биде определен притвор. Ова е на линија и на Европската конвенција за човекови права и јуриспрудецијата на Судот во Стразбур, согласно која дозволено е обвинетиот доброволно да даде гаранција како замена за мерката притвор. Обвинетиот доброволно ја дава гаранцијата како услов дека нема да побегне, а нејзиното активирање е начин како таа се остварува. Доколку обвинетот побегне, активирањето на гаранцијата не е казна, туку тоа е единствен механизам со кој се остварува гаранцијата, бидејќи и не постои друг можен начин. Кога би се прифатила логиката наведена во Иницијативата дека гаранцијата е казна, тогаш не би постоела можност за давање гаранција, а гаранцијата како полесна мерка ја фаворизира и Конвенцијата и други бројни меѓународни инструменти, чија концепција ја следи и Уставот на Република Македонија.

6.
Подносителот на Иницијативата наведува дека член 169 ставовите 2 и 3, член 170 став 5 не се во согласност со член 5, 6 и 13 од Европската конвенција за човековите права. Член 13 од Европскиот суд за човекови слободи и права, предвидува дека секое лице чии права и слободи определени со Конвенцијата се повредени има право на ефективен правен лек пред домашните органи. Главна цел на оваа гаранција е да им биде достапна судска контрола на граѓаните кои сакаат да истакнат повреди на своите права, па поради истото правото на ефективен правен лек е клучно за создавање на предуслови за создавање на ефективна и ефикасна политика за заштита на човековите слободи и права. Во исто време овие одредби се олицетворение на принципот на супсидијарност. Токму поради тоа важно е во домашното законодавство да постојат ефективни правни лекови, не само во теорија туку и во пракса. Постоењето на овие правни лекови му дозволува на судот да ја исполни својата надзорна улога. Оспорените одредби се однесуваат на жалба против мерката притвор, како мерка за обезбедување присуство на обвинетиот и непречено водење на кривичната постапка, но се поврзани и со член 5 од Европската конвенција за човекови права. Понатаму, во Иницијативата се наведува и дека рокот од 24 часа и 5 часа е прекраток и недоволен за разгледување на сите факти и наводи дадени во решението за притвор; да се цени дали во овој рок може да се подготви квалитетна жалба која би довела до позитивен исход на странката; да прибави податоци од судовите во колкав процент решенија за притвор се обжалуваат и во колкав процент жалбите се усвојуваат од страна на кривичниот совет - со еден збор дали можеме овој правен лек да го сметаме за ефективен според правилата на Европскиот суд за човекови права, законодавецот, при определувањето на рокот морал да воведе обврска судот да ја цени сложеноста на

предметот, однесувањето на притвореното лице, неговото здравје и состојба и останати околности и на тој начин да се предвиди можност за судот да врши пролонгирање на овој рок во комплексните случаи, каде оваа мерка е изречена на повеќе поединци. Исто така, согласно подносителот на Иницијативата, овој правен лек не може да се смета за ефективен од причина што преголем товар му се дава на притвореното лице, со вметнување на одредба дека жалбата не го одлага извршувањето на решението, па лицето ќе остане во притвор додека трае жалбената постапка.

Во став 3 на член 169 се предвидува правото на жалба на јавниот обвинител до Советот во случај кога неговиот предлог е одбиен. Подносителот на Иницијативата наведува дека во самата одредба не е предвидена обврска жалбата да му биде доставена и на обвинетиот како истиот би се запознал со нејзината содржина. Европскиот суд за човекови права смета дека и постапката за изрекување на оваа мерка, мора да биде контрадикторна и да му се овозможи на лицето активно да учествува во постапката.

Во членот 169 од Законот за кривичната постапка е уредена материјата за доставување на решението за притвор и правото на жалба, а во членот 170 за краткотраен притвор. Согласно член 169 ставот (2), „Против решението со кое се определува притвор, притвореното лице може да се жали до советот од членот 25 став (5) на овој Закон во рок од 24 часа од часот на предавањето на решението. Ако притвореното лице прв пат се испитува, по истекот на овој рок, може да изјави жалба при сослушувањето. Жалбата со препис од записникот за сослушување, ако притвореното лице е сослушано, и решението за притворот се доставуваат веднаш до советот. Жалбата не го задржува извршувањето на решението.“

Во ставот (3) е пропишано дека „Против решението на судијата на претходна постапка со кое се одбива предлогот за определување притвор, дозволена е жалба во рок од 24 часа до советот од членот 25 став (5) на овој Закон. Жалбата не го задржува извршувањето на решението. Против решението на советот од членот 25 став (5) на овој Закон, со кое се определува притвор, обвинетиот има право на жалба во рок од 24 часа за која одлучува советот на повисокиот суд. Во член 170, ставот (5) во однос на жалбата против решението за краткотраен притвор, пропишано е дека „Против решението од ставот (1) на овој член, е дозволена жалба во рок од пет часа од врачувањето до советот од членот 25 став (5) на овој Закон, кој е должен да реши по жалбата во рок од три часа.“

Во однос на оспорената одредба која се однесува на кратките рокови за жалба во однос на притворот, истакнуваме дека тие се неосновани. Имено, кога се работи за притворот, сите рокови определени во Законот е исклучително кратки и тие се однесуваат не само за одбраната, туку и за јавното обвинителство и за судот. Вака дефинираните кратки рокови се во интерес на одбраната и сензитивноста на мерката притвор.

7.
Подносителот на Иницијативата наведува дека член 173 став 2, не е во согласност со член 12 од Уставот на Република Македонија и член 5 од Европската конвенција за човековите права. Членот 173 говори за укинување на притворот и пуштање на обвинетиот на слобода кога ќе бидат исполнети законските услови за истото, наведени во овој член. Според подносителот, против решението со кое се укинува притворот, јавниот обвинител има право да изјави жалба до Советот во рок од 24 часа кој пак треба да одлчи во рок од 48 часа. Но, понатаму во оспорениот член се наведува дека во случај кога е изјавена жалба, истата го одлага извршувањето на донесеното решение за укинување на мерката притвор.

Ова правно решение согласно Иницијативата не е во согласност со Уставот на Република Македонија и со член 5 од Европската конвенција за човековите права. Па така, во праксата се создава ситуација кога постои решение за укинување на мерката притвор, но лицето веднаш не се ослободува, туку чека да поминат роковите за изјавување жалба и одлучување на советот - вкупно 72 часа или три дена. Но, лицето кое е лишено од слобода освен овие три дена кога е лишен од слобода без да постои правен лек и основ за истото, за да биде ослободено треба да чека и на правосилност на решение, па дури потоа да биде ослободен. Според подносителот на Иницијативата, сето ова води кон повреда на слободата на притвореното лице која може да биде ограничена исклучиво врз основа на одлука на суд, а во конкретниов случај има одлука на суд за укинување на притвор, а не негово продолжување.

Во членот 173 од Законот за кривичната постапка е уредена материјата за укинување на притворот. Во ставот (2) од наведениот член е пропишано дека „Против решението од ставот (1) на овој член дозволена е жалба во рок од 24 часа до советот од членот 25 став (5) на овој Закон, односно советот на повисокиот суд кој во рок од 48 часа мора да одлучи по жалбата.“ Во ставот (3) е пропишано дека „Жалбата го одлага извршувањето на решението.“

Во членот 12 од Уставот на Република Македонија е пропишано дека „Слободата на човекот е неприкосновена. Никому не може да му биде ограничена слободата, освен со одлука на судот и во случаи и во постапка утврдена со закон. Лицето повикано, приведено или лишено од слобода мора веднаш да биде запознато со причините за неговото повикување, приведување или лишување од слобода и со неговите права утврдени со закон и од него не може да се бара изјава. Лицето има право на бранител во полициската и судската постапка.“

Следејќи ја јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права, Министерството за правда иницираше измена на ставот (3) од овој член. Предлог-законот беше утврден од Владата на Република Македонија, а во моментот се наоѓа во постапка за донесување во Собранието на Република Македонија.

8.

Подносителот на Иницијативата наведува дека член 183 став 2, во делот „или кога во однос на затеченото лице постојат услови за претрес без наредба“, не е во согласност со член 26 од Уставот и член 8 од Европската конвенција за човековите права. Согласно подносителот за да извршениот претрес биде пропорционален со член 9 од Конвенцијата мора истиот да биде извршен врз основа на судско овластување, а не како што предвидува оваа одредба да може да се изврши и без судска наредба, повикувајќи се на условите за претрес без наредба.

Во членот 183 е уредена материјата за „претрес на дом“. Во ставот (1) од наведениот член е пропишано дека „При претрес на дом се претресува една или повеќе простории кои лицето ги користи како свој дом и простории кои се просторно поврзани со домот и имаат иста цел на користење.“ Согласно ставот (2) „Претрес на домот опфаќа и претрес на подвижните предмети на лицето затечени во домот и другите простории, кога тоа е наведено во наредбата за претрес или кога во однос на затеченото лице постојат услови за претрес без наредба.“

Во членот 26 од Уставот на Република Македонија е пропишано дека „Се гарантира неповредливоста на домот. Правото на неповредливост на домот може да биде ограничено

единствено со судска одлука кога е во прашање откривање или спречување, на кривични дела или заштита на здравјето на луѓето."

Во однос на изнесените наводи во Иницијативата, се смета дека тие се целосно неосновани од следниве причини:
За претрес на лице ниту Уставот, ниту Европската конвенција за човековите права, по правило, не бараат да биде издадена наредба. Истата практика во најголем број за законодавства ја следи и компаративното право. Наредбата за претрес на лице е решение иновирано во поранешното југословенско казнено-процесно законодавство.
Во ниту еден член од Уставот на Република Македонија не постои член кој бара за претрес на лице да постои наредба. Напротив, во Законот за кривичната постапка, во некои во одредбите кои ја уредуваат материјата за претрес сеуште егзистираат одредни одредби дека во одредени случаи се бара да постои наредба за претрес на лице, што претставува повисок стандард од оној што го бараат Уставот и Европската конвенција за човекови права.
Со оглед дека овој член е во тесна корелација со членот 193, подетално образложение за неоснованоста на наводите во Иницијативата е содржано во точката 11 од ова мислење во однос на членот 193 од Законот за кривичната постапка.

9.
Подносителот на Иницијативата наведува дека член 185 став 1, во делот „просторот во кој е затечено лицето во време на преземањето на претресувањето и средството за превоз кое се користи во време на претресувањето", не е во согласност со член 25 и 26 од Уставот на Република Македонија, член 9 и член 1 од Протокол број 1 од Европската конвенција за човековите права.

Според подносителот, вака поставената норма дава можност без постоење на посебна наредба да се влезе во туѓ дом, просторија, или да се претресува туѓа сопственост, без притоа судот да издаде одлука во која точно ќе ги специфицира сите податоци за домот или просторијата во која треба да се изврши претрес. Кога се говори за „просторот во кој ќе се затече лицето над кое треба да се изврши претрес" тоа не подразбира дека секогаш станува збор за неговиот дом, односно упатува на тоа дека ова лице може да се наоѓа во простории на трети лица чии права ќе бидат повредени со спроведување на претрес, па и во овој случај мора да бидат исполнети сите гаранции и услови за ограничување на овие права наведени во Уставот и Конвенција.

Според подносителот, оваа формулација е во спротивност со праксата на Европскиот суд за човекови права и член 8 со кој се гарантира неповредливост на домот, приватнито и семејниот живот, па постои обврска законодавецот истата да ја земе во предвид при развивање на казнено правната политика, бидејќи вакви одредби може да доведат кон сериозни пореди во конкретни предмети во кои Законот за кривичната постапка се применува.

Во членот 185 од Законот за кривичната материја е уредена материјата за претрес на лице. Имено, согласно ставот (1) од наведениот член, „Претрес на лице опфаќа претрес на облеката, обувките, површината на телото, подвижните предмети што лицето ги носи или се во негово владение, просторот во кој е затечено лицето во време на преземањето на претресувањето и средството за превоз кое се користи во време на претресувањето."

Во членот 25 од Уставот на Република Македонија е пропишано дека „На секој граѓанин му се гарантира почитување и заштита на приватноста на неговиот личен и семеен живот, на достоинството и угледот.“

Во членот 26 од Уставот на Република Македонија е пропишано дека „Се гарантира неповредливоста на домот. Правото на неповредливост на домот може да биде ограничено единствено со судска одлука кога е во прашање откривање или спречување, на кривични дела или заштита на здравјето на луѓето.“

Изнесените наводи во однос на оваа оспорена одредба се целосно неосновани од причина што во членот 185 не се работи за дом (чија неповредловост е заштитена со Уставот на Република Македонија), туку се работи за простор надвор од домот (просторот во кој е затечено лицето во време на преземањето на претресувањето и средството за превоз кое се користи во време на претресувањето).

Во тој контекст, би истакнале дека тоа се основните правила на криминалистиката според кои најноормално е да се претресе просторот во кој ќе биде уапсено лицето. Имено оваа одредба се однесува на просторот во кој е затечено лицето во време на преземањето на претресувањето, но овде не е вклучен домот, бидејќи тоа прашање е уредено во други членови од Законот за кривичната постапка.

Исто така, овој член се однесува и на претресувањето на средството за превоз кое се користи во време на претресувањето, што не може да се смета за дом (освен доколку се работи за т.н. ван во кој лицето живее).

10.
Подносителот на Иницијативата наведува дека член 190 став 3, не е во согласност со член 25 од Уставот на Република Македонија и член 8 од Европската конвенција за човековите права. Според подносителот, со ваква формулирана одредба им се дава можност на органите кои вршат претрес да го нарушат правото на личен и семеен живот на граѓанинот, па законодавецот мора јасно и конкретно да ги наведе исклучоците за вршење на претрес надвор од предвидено време, како не би се повределе наведените права.

Во членот 190 од Законот за кривичната постапка е уредена материјата за времето за извршување на претресот. Имено, согласно ставот (3) од овој член, „Претресувањето се врши дење. Претресувањето може да продолжи и ноќе ако е започнато дење па не е довршено. По исклучок, претресувањето може да се изврши ноќе ако постои опасност од одлагање.“

Во членот 25 од Уставот на Република Македонија е пропишано дека „На секој граѓанин му се гарантира почитување и заштита на приватноста на неговиот личен и семеен живот, на достоинството и угледот.“

Изнесените наводи во Инцијативата се неосновани затоа што правилото и стандардот кое го востановува Законот за кривичната постапка е претресот да се врши дење. Во истиот член се наведени и исклучоците кога претресот се врши ноќе, под строго утврдени услови. Така, законодавецот исклучокот го сведува на продолжување на претресувањето и ноќе ако е започнато дење па не е довршено, но и на вршење претресување само ноќе доколку постои опасност од одлагање. Вака дефиниранта одредба која е многу логична и хумана и претставува дополнителна гаранција за лицето која не е содржана во Уставот.

11.
Подносителот на Иницијативата наведува дека член 193 не е во согласност со член 26 од Уставот на Република Македонија и член 8 и член 13 од Европската конвенција за човековите права. Човековите слободи и права загарантирани со Уставот и Конвенцијата можат да бидат ограничени само во точно определени случаи и со легитимна цел која мора да ја предвиди законодавецот при дефинирање на исклучоците. Во спротивно, секоја законска недореченост може да доведе кон повреда на правата и незаконитост при постапувањето. Според подносителот, оспорената одредба дава можност полицијата да врши претрес во дом или како што е наведено „место каде е извршено кривичното дело" без да има судска наредба за тоа, спротивно на уставните норми каде се предвидува дека правото на неповредливост на домот може да биде ограничено единствено со судска одлука заради спречување и окривање на кривични дела. Во алинеја 1 на став 1 на оспорениот член не се предвидува обврска за полицијата и/или јавниот обвинител да го запознае лицето во чиј дом се влегува без наредба за правото да побара судска одлука, односно да одбие влез во неговиот дом се додека не се обезбеди судски налог. Па така, секое правно неуко лице кое би се нашло во предвидената ситуација, непоучен за своите права, може да дозволи влез во својот дом, без да знае дека истото претставува прекршување на неговите уставно загарантирани права. Понатаму, подносителот наведува дека законодавецот со оваа одредба им дава за право на јавниот обвинител и/или полицијата без ограничување, секој пат кога спроведуваат увид на место на кое е извршено кривично дело, тоа да го вршат без судска наредба. Спроведувањето на оваа одредба води кон арбитрерност и повреда на уставните права за кои Уставот точно предвидува во кои случаи можат да бидат ограничени.
Во ставот 2 е предвидено изготвување на потврда од страна на органот кој влегол во дом без судска наредба, која може да содржи забелешки од страна на држателот. Подносителот наведува дека законодавецот не одел понатаму да предвиди право на држателот, во случај кога смета дека неговите права се прекршени при спроведување на овој член да може да поднесе жалба/приговор или друг вид на правен лек, во кој судот би ја испитувал основаноста на истакнатите наводи. Во случај на повреда на правата и слободите на граѓаните мора да постои делотворен правен лек, како што е предиведено во Конвенцијата во член 13. Подносителот наведува и дека истакнувањето на забелешки, без да се предвиди кој ќе ги разгледува истите не претставува ефективен правен лек и заштита од арбитрерност и самовластие од државните органи.
Ставот 3 предвидува обврска веднаш да се извести јавниот обвинител во случај кога е извршен претрес без наредба, но според подносителот, законодавецот пропуштил да ги дефинира надлежностите кои треба да ги преземе јавниот обвинител во ваков случај. Исто така, не е предвидена судска контрола над законитоста на преземените дејствија, па на тој начин е предвидена ситуација кога сите активности врзани со овој член се чини се ex lege законити. Според подносителот целиот оспорен член говори за претрес без наредба, додека во овој став закондавецот говори за спроведување на увид без да постои наредба, односно опфатени се два различни термини „претрес" и „увид", без да биде наведено зошто законодавецот не ги разликува истите во овој член.
Согласно подносителот, нејасна е легитимната цел на закондоавецот да се влезе во нечиј дом без да постои наредба за претрес, особено кога Законот за кривичната постапка, предвидува усно поднесување на барање за издавање на наредба во случај на одлагање, односно итност, по кое е предвидено во член 188 судијата на претходна постапка да постапи веднаш.

Во членот 193 од Законот за кривичната постапка е уредена материјата за Влегување во дом врз основа на согласност или наредба за приведување. Согласно ставот (1), „Без наредба за претрес може да се влезе во дом:
- ако држателот на домот се согласува со тоа,
- ако таму се наоѓа лице кое по наредба на суд треба да се притвори или присилно да се доведе,
- поради лишување од слобода на сторител кој е затечен при извршување на кривично дело кое се гони по службена должност или
- на место каде што е извршено кривично дело заради вршење увид".

Во ставот (2) е пропишано дека „Во случаите од ставот (1) на овој член нема да се состави записник, туку на држателот на домот веднаш ќе му се издаде потврда, во која ќе се назначи причината за влегувањето во домот и сите забелешки на држателот. Ако во домот е извршен и претрес тогаш ќе се состави записник во согласност со членот 192 од овој Закон кој мора да ги содржи причините за претрес без наредба". Согласно ставот (3), „Кога е извршен претрес без наредба за претрес, извршителот на претресот мора веднаш да го извести јавниот обвинител".

Во членот 26 од Уставот на Република Македонија е пропишано дека „Се гарантира неповредливоста на домот. Правото на неповредливост на домот може да биде ограничено единствено со судска одлука кога е во прашање откривање или спречување, на кривични дела или заштита на здравјето на луѓето".

Оспорената одредба се движи на самата граница на уставните гаранции за неповредливост на домот, гарантирана со членот 26 од Уставот. За вака дефинираната одредба од Законот за кривичната постапка постојат причини кои се движат во насока на справување со криминалот, притоа воспоставувајќи баланс со обезбедувањето на правата на засегнатото лице. Дополнителна гаранција за правата на одбраната е интенцијата за исклучително рестриктивна примена на оваа одредба. За оправданоста на секоја од можностите без наредба за претрес може да се влезе во дом подетално ќе се осврнеме на секоја од четирите предвидени можности.

Првата можност е ако држателот на домот се согласува со тоа. Имено, би сакале да нагласиме дека согласноста е меѓународно прифатена и според овој стандард лицето може да се откаже од одредени свои права кои му се гарантирани. Така, доколку лицето доброволно им овозможи пристап на инспекторите во домот тоа е т.н. откажување од неговото загарантирано уставно право.

Втората можност е ако во домот се наоѓа лице кое по наредба на суд треба да се притвори или присилно да се доведе. Оправданоста на вака дефинираната одредба се огледа во фактот дека de facto постои судска одлука лицето да се притвори или присилно да се доведе. Доколку постои ваква судска одлука, може да се смета дека таа е од повисок степен и во неа е апсорбирано и правото за претрес. Имено, согласно меѓународните стандарди правото на приватност не претставува апсолутно право, туку идејата за неговото постоење е без причина полицијата да не се влегува во домот, што не значи дека полицијата во никој случај не може да влезе во дом. Следејќи ја наведената логика, се наметнува интенцијата на законодавецот согласно која ако може полицијата да го притвори или присилно да го доведе лицето, дотолку повеќе може и да го претресе, но со тоа не може да врши детален претрес на целиот дом. Така, кога полицијата го апси лицето, по овој основ таа може да ја претресе само околината околу него за да се обезбеди дека

лицето не одложило одредени предмети со кои е извршено кривичното дело или кои произлегуваат од него (на пр., да ја одложил дрогата, оружјето или парите кои се предмет на соодветното кривично дело). Токму затоа законодавецот во оваа одредба ја користи формулацијата „да влезе во дом", бидејќи со неа е исклучен деталниот претрес на целиот дом.

Третиот случај се однесува на влегување во дом поради лишување од слобода на сторител кој е затечен при извршување на кривично дело кое се гони по службена должност. И овој случај се оправдува со веќе наведените аргументи кои беа елаборирани во втората ситиација. Имено, правото на лишување од слобода на сторител кој е затечен при извршување на кривично дело кое се гони по службена должност не е дадено само на полицијата. Ова право за одредени кривични дела во одредени случаи им е дадено и на граѓаните. Имајќи го предвид наведеното, дотолку повеќе, полицијата може и да влезе во домот заради лишување од слобода на сторител кој е затечен при извршување на кривично дело кое се гони по службена должност. Ваквото решение е наметнато од случаите во практиката. На пример, одредено лице треба да се уапси кое е затечено во вршење кривично дело кое се гони по службена должност. Лицето е свесно дека полицискиот службеник нема време да бара судска наредба и се сокрива во одреден дом. Логиката на оваа одредба е доколку полицискиот службеник во овој случај има законско право и должност да го уапси лицето, тој има право и да влезе во куќата во која се сокрило лицето за таму да го уапси.
Четвртиот случај се однесува на влегување во дом на место каде што е извршено кривично дело заради вршење увид. Во овој случај се смета дека увидот е формално процесно дејствие кое што го врши овластен орган. Бидејќи вршењето на увидот е итно, за да не се спречи губење на трагите и сл., вообичаено се допушта влегување во дом на место каде што е извршено кривично дело заради вршење увид, како одреден благ исклучок од дефинираниот стандард.

12.
Подносителот на Иницијативата наведува дека член 194 став 3, не е во согласност со член 8 алинеја 3 и 8, член 30 од Уставот на Република Македонија и член 1 од Протокол број 1 од Европската конвенција за човековите права. Според подносителот, во оспорениот став каде точно се наведува што се треба да содржи наредбата за одземање на предмети која ја носи судот по предлог на јавниот обвинител или правосудната полиција, не е предвиден рок до кога овие привремено одземени предмети ќе бидат задржани. Правото на сопственост е уставна категорија, а заштита на сопственоста е предвидена и во Европската конвенција за човекови права. Вака поставената норма не му дава рок на јавниот обвинител/ правосудната полиција за враќање на привремено одземените предмети, па истото може да доведе до држење на овие предмети и по неколку години. Доколку не е предвиден рок за траење на оваа мерка, како што тоа е направено во член 202 став 8 и 9, може да се случи во пракса да биде „привремено" одземено ново моторно возило, чувано 5 години па откако ќе биде вратено истото да ја изгуби пазарната вредност или да биде надвор од употреба. Според подносителот, вака поставената одредба со која се предвидува одземање на предмети без да биде наведено до кога ова одземање трае води кон правна несигурност, но и можни злоупотреби и повреди на сопствноста од страна на органите на прогон.

Во членот 194 од Законот за кривичната постапка е уредена материјата за наредбата за привремено одземање на предмети. Имено, согласно ставот (3) од овој член, „Наредбата за привремено одземање на предмети содржи назив на судот, правен основ за привремено

одземање на предмети, определување и прецизен опис на предметите што треба привремено да се одземат, име и презиме на лицето од кое треба привремено да се одземат предметите, место на кое, односно во кое треба привремено да се одземат предметите, рок во кој треба да се одземат и поука за правен лек“.

Во член 8 став 1 во алинеите 3 и 8 од Уставот на Република Македонија, меѓу другите, како темелни вредности на уставниот поредок се утврдени владеењето на правото и хуманизмот, социјалната правда и солидарноста.
Во членот 30 од Уставот е пропишано дека „Се гарантира правото на сопственост и правото на наследување. Сопственоста создава права и обврски и треба да служи за добро на поединецот и на заедницата. Никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес утврден со Закон. Во случај на експропријација на сопственоста или во случај на ограничување на сопственоста се гарантира праведен надомест кој не може да биде понизок од пазарната вредност“.

Во однос на оваа одредба, истакнуваме дека изнесените наводи во Иницијативата се неосновани. Оваа одредба од Законот за кривичната постапка е во тесна корелација со одредбите за постапување со привремено одземени предмети од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка и со одредбите за одземање предмети од Кривичниот законик.
Согласно оваа одредба, во практиката се можни два облика на одземање предмети и тоа: предмети што можат да послужат како доказ во кривичната постапка и привремено одземени предмети согласно одредбите од Кривичниот законик.
Во Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка детално е регулирана постапката за постапување со привремено одземените предмети. Во таа насока не се точни наводите на подносителот на Иницијативата кога наведува дека „може да се случи во пракса да биде „привремено“ одземено ново моторно возило, чувано 5 години па откако ќе биде вратено истото да ја изгуби пазарната вредност или да биде надвор од употреба“.

Одредбите од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка претставува гаранција ова да не се случи. Имено, концептот на овој Закон е привремено одземените предмети што побргу да се продадат со цел да не се изгуби нивната пазарна вредност (освен предметите кои претставуваат доказ во кривичната постапка или пак предмети со кои обвинетиот е емотивно поврзан, автомобили олд -тајмери и сл.). Со тоа, се обезбедува лицето на кое доколку биде донесена одлука за враќање на предметот, да ја добие неговата пазарна вредност во времето на одземањето на предметот. Со тоа целосно се почитуваат уставните принципи за владеењето на правото и се гарантира сопственоста и ги прават беспредметни наводите во Иницијативата.

13.
Подносителот на Иницијативата наведува дека член 196 став 1 е спротивен на член 8 алинеја 3 и 8, член 17, 18, 25 и 30 од Уставот на Република Македонија и член 8 и член 1 од Протоколот број 1 од Европската конвенција за човековите права. Оспорената одредба предвидува ограничување на низа права без судска наредба од страна на јавниот обвинител, во услови на постоење на низок степен на сомневање за сторено кривично дело - основи на сомневање. Јавниот обвинител во секој случај кога смета дека постои опасност за одлагање - термин кој не е специфициран и кога постојат основи на сомневање

(сознанија за докази за сторено кривично дело, понизок степен на сомнение), може без да обезбеди судска наредба да ги одземе сите предмети за комуникација и општење, пр. компјутери, телефони, предмети со кои се повредуваат личните права на граѓаните, предмети кои упатуваат на личниот и семејниот живот. Законодавецот предвидел дека во случај на изрично спротивставување, јавниот обвинител ќе ги одземе предметите, но во рок од 72 часа ќе бара одобрение од судија во претходна псотапка, што значи дека и во случај на противење предметите повторно се одземаат. Рокот пак кој е даден во овој став - 72 часа е предолг за поднесување на барање, сообено кога овој став предвидува итност поради опасност од одлагање, па нејасно е зошто тогаш законодавецот не предвидел обврска јавниот обвинител веднаш да го извести судијата на претходна постапка за обезбедување на наредба. Доколку не постои противење (а вакви случаи може да имаме кај правно неуки граѓани), тогаш оваа одредба може да доведе кон арбитрерност на јавниот обвинител, да привремено одземе предмети без судска наредба - а тука може да се подведат сите предмети кои подробно се објаснети во Глава 2. - Привремено обезбедување и одземање на предмети или имот. Подносителот наведува дека непознавањето на граѓаните за своите права и можноста истите да се спротивстават на одземањето на предметите, му дава можност на Јавниот обвинител истото да го толкува како согласност за одземање на предметите. Кога законодавецот ја предвидел можноста лицето кое се претставува да се противи на истото, требал да предвиди и обврска јавниот обвинител да го извести лицето за своето право, како и детално да се разработи кој би постапувал по истакнатите приговори и во кој рок би се одлучувало по истите. Исто така, во случај кога судијата на претходна псотапка го одбие барањето на јавниот обвинител, штетата со постапката на обвинителот и повредата на правата ќе биде веќе сторена.

Во членот 196 од Законот за кривичната постапка е уредена материјата за привремено одземање предмети без наредба. Согласно ставот 1 од овој член, „Предметите од членот 194 став (1) на овој Закон може привремено да се одземат и без наредба од судот доколку постои опасност од одлагање и за кои постојат основи за сомневање дека се предмети на кривично дело. Доколку лицето кое се претресува изрично се спротивстави на одземањето на предметите, јавниот обвинител во рок од 72 часа од извршениот претрес ќе поднесе барање до судијата на претходната постапка за дополнително одобрување за одземање на предмети“.

Во член 8 став 1 во алинеите 3 и 8 од Уставот на Република Македонија, меѓу другите, како темелни вредности на уставниот поредок се утврдени владеењето на правото и хуманизмот, социјалната правда и солидарноста.
Во Амандманот XIX од Уставот е пропишано дека „Се гарантира слободата и неповредливоста на писмата и на сите други облици на комуникација. Само врз основа на одлука на суд, под услови и во постапка утврдена со закон, може да се отстапи од правото на неповредливост на писмата и другите облици на комуникација, ако тоа е неопходно заради спречување или откривање кривични дела, заради водење кривична постапка или кога тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната на Републиката. Законот се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници“.

Со член 18 од Уставот е утврдено дека „Се гарантираат сигурноста и тајноста на личните податоци. На граѓаните им се гарантира заштита од повреда на личниот интегритет што произлегува од регистрирањето на информации за нив преку обработка на податоците“.

Во членот 25 од Уставот на Република Македонија е пропишано дека „На секој граѓанин му се гарантира почитување и заштита на приватноста на неговиот личен и семеен живот, на достоинството и угледот“.

Во член 30 од Уставот е пропишано дека „Се гарантира правото на сопственост и правото на наследување. Сопственоста создава права и обврски и треба да служи за добро на поединецот и на заедницата. Никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон. Во случај на експропријација на сопственоста или во случај на ограничување на сопственоста се гарантира праведен надомест кој не може да биде понизок од пазарната вредност.“

И во однос на оваа одредба се цени дека наводите изнесени во Иницијативата се неосновани. Во контекст на оспорената одредба, правило е дека за привремено одземање на предмети, доколку држателот не ги предаде доброволно, потребна е наредба која ја издава судот по предлог на јавниот обвинител или по предлог на правосудната полиција. Од ова правило законодавецот предвидел отстапување во случаи строго дефинирани во Законот за кривичната постапка. Имено, кога постои опасност од одлагање привремено може да се одземат предмети и без наредба издадена од судот, и тоа само доколку постојат основи на сомневање дека станува збор за предмети на кривично дело. Притоа, законодавецот бара опасноста од одлагање треба да биде реална, односно да постои опасност дека доколку предметот не се одземе во тој момент, може да биде уништен, преправен, скриен, заменет со друг и слично. Во однос на горенаведената наредба на судот за привремено одземање предмети, истакнуваме дека Уставот експлицитно не поставува ваков стандард, туку тој е даден со Законот за кривичната постапка како дополнителна гаранција. Исклучокот што законодавецот го прави со супституцијата на одлуката на судот со одлука на јавниот обвинител е вообичаена и се однесува само во услови на итност и со нејзино дополнително потврдување од судот. Примената на ова решение ниту е често, ниту пак може да се смета за арбитрерно, туку е само изнудено од ситуацијата на итноста.

14.
Подносителот на Иницијативата наведува дека член 200 став 3 не е во согласност со член 8 алинејата 3 од Уставот на Република Македонија и член 8 и член 13 од Европската конвенција за човековите права. Според подносителот, во конкретниот случај, со овозможување на пристап до сефот, јавниот обвинител постапува како при вршењето на претрес. Како што е наведено во член 191 пред почеток на претрес, јавниот обвинител најпрво треба да го извести лицето за истото, да му ја предочи наредбата, да го подучи за своите права како и за правото да повика бранител, кој ќе присуствува на претресот. Извршувањето на претрес без да се извести обвинетиот и бранител, може да биде предмет на можни злоупотреби, како и контаминирање на доказите прибавени на овој начин. Доколку лицето во чија што сопственост е сефот одбива да се појави на претресот, тогаш повторно според правилата, треба да се повика негов застапник или пак независен сведок кој ќе присуствува. Но, во конкретниот став, законодавецот оставил недоречености на кој начин ќе се изврши „пристап до сефот“. Според подносителот оваа мерка е непропорционална и со гаранциите од член 8 на Конвенцијата, бидејќи не содржи правила за заштита, постојат бројни недоречености во истата и не постои пропорционалност со легитимната цел која се следи - важност за истражната постапка. Вака поставената широка одредба, може да доведе до вршење на претрес и повреда на деловна, професионална тајна која ја содржат материјалите кои се контролирани. Притоа, не постојат насоки како

што се пристап до сеф, па сето тоа е непропорационално со целта и води кон повреда на член 8 од Конвенцијата. Па така, во конкретниот случај не е ниту предвидено да се донесе решение за изрекување на мерката - привремено одземање на предметите, како што е предвидено во член 202 став 4, на кое лицето би имало право на жалба, па утсуствува правен лек, согласно Конвенцијата. Ставот 8 кој се оспорува предвидува можност мерките од член 200 на Законот за кривичната постапка да се спроведат и без судска наредба, што е во колизија со основните човекови права и ги дерогира сите гаранции од Конвенцијата. Подносителот наведува и дека законодавецот не предвидел што е „итен случај", односно не ги навел исклучоците од правилото овие мерки да се преземат само со судска наредба. Подносителот потенцира дека во случај на постоење на одредба која дава можност судијата на претходна постапка да биде усно известен и истиот по телефонски пат да издаде наредба за претрес, нелегитимно е постоењето на можност прво да се спроведат мерките па потоа да следи одлука на судот. Исто така, во случаи на итност судот треба да постапува веднаш, а не во рок од 72 часа кој е предлог и може да биде искористен за злоупотреби од страна на органот кој ги спроведува мерките. Исто така, според подносителот, не постои механизам за заштита во случај кога јавниот обвинител ќе ги земе податоците без судска наредба, со истите ќе се запознае, а по истекот на 72 часа - три дена судијата на претходна постапка ќе донесе решение со кое не се дозволуваат овие мерки, па така отсуствува предвидената заштита од арбитрерност која ја потенцира Европскиот суд за човекови права. На тој начин, се дозволува навлегување во приватноста, добивање на информации од приватен карактер, семеен живот и/или сериозна коресподенција, без контрола од страна на судот.

Во членот 200 од Законот за кривичната постапка е уредена материјата за постапување со податоци кои се банкарска тајна, имот во банкарски сеф, следење на платен промет и трансакции на сметки и привремено запирање на извршување определени финансиски трансакции. Согласно ставот (3) од наведениот член, „Ако лицето од ставот (1) на овој член чува во банкарски сеф, или на друг начин располага со приноси од казниво дело, а тој принос е важен за истражната постапка на тоа кривично дело или според Законот подлежи на присилно одземање, по образложено барање од јавниот обвинител, судот може да издаде решение со кое ќе и наложи на банката да му овозможи на јавниот обвинител пристап до сефот". Во ставот (8) е пропишано дека „Во итни случаи јавниот обвинител може да ги определи мерките од ставовите (1), (3), (6) и (7) на овој член и без судска наредба. За преземените мерки јавниот обвинител веднаш го известува судијата на претходната постапка, кој во рок од 72 часа треба да ја издаде наредбата. Во случај судијата на претходната постапка да не издаде наредба, јавниот обвинител ќе ги врати податоците без претходно да ги отвори".

Во член 8 став 1 во алинејата 3 од Уставот на Република Македонија, меѓу другите, како темелна вредност на уставниот поредок е утврдено владеењето на правото.

Изнесените наводи во Иницијативата во однос на овој член се неосновани. Причините за тоа во најголем дел соодведствуваат со наведеното образложение во претходната точка 13 од ова мислење.
Во врска со ставот (8) од наведениот член законодавецот како правило за добивање на бараните податоци и документација од банките и другите финансиски институции, пристап до сеф, следење на платен промет и запирање на извршувањето на определена финансиска трансакција утврдил дека е потребна наредба од суд. Исклучок од ова е ситуацијата во која на јавниот обвинител му е дадена можност овие мерки дадени во ставовите (1), (3), (6) и (7) од овој член да ги определи самиот, без судска наредба и тоа само во итни случаи.

Сепак, и така определените мерки подлежат на судско одобрување. Јавниот обвинител е должен веднаш да го извести судијата на претходната постапка за определените мерки. Во тој случај, судијата на претходна постапка во рок од 72 часа дополнително ја издава наредбата за нивно преземање. Доколку судијата на претходната постапка оцени дека преземањето на овие мерки е неосновано, нема да издаде наредба. Во тој случај јавниот обвинител е должен да ги врати добиените податоци без претходно истите да ги отвори.
Во однос на изнесеното од страна на подносителот дека законодавецот не предвидел што е „итен случај", односно не ги навел исклучоците од правилото овие мерки да се презеат само со судска наредба, истакнуваме дека во ниту еден закон не е можно да се набројат сите ситуации и во однос на итноста, но и во однос на исклучоците и затоа овие прашања скоро секогаш се оставени да ги реши судската практика.

15.
Подносителот на Иницијативата наведува дека член 249 не е во согласност со член 25 од Уставот на Република Македонија и член 3 и 8 од Европската конвенција за човековите права. Според подносителот сегашната одредба води кон заклучок дека преглед може да биде извршен и врз други лица без тие да имат процесна улога во самата постапка. Но извршувањето на овие дејствија со кои сериозно се навлегува во приватноста на поединци, е предвидено да се изврши без да биде обезбедена судска наредба за истото. Ваквата законска формулација согласно подносителот е во директна спротивност со членот 9 од Конвенцијата каде се заштитува правото на приватен и семеен живот и членот 25 од Уставот каде се гарантира почитување на приватноста, достоинството и угледот. Од друга страна, телесен преглед, земање на крв и други лекарски дејствија, спроведување на ДНК анализа (подобно објаснети во член 249) без согласност на лицата може да се подведе и под нечовечко и понижувачко постапување и кршење на член 3 од Конвенцијата. Земајќи ги предвид стандардите на Европскиот суд за човекови права, според подносителот видно е дека оваа одредба не ги содржи истите, односно не е наведено дека овие докази може да се земат само доколку не постои друг начин на обезбедување на истите со кои би се постигнал саканиот резулат. Не е предвидено на кој начин се врши „ригорозна проверка", во навлегувањето на телесниот интегритет на одредена личност, контрола над спроведување на оваа мерка, а нејасно е и зошто прибавените примероци во случај постапка да не се поведе се чуваат согласно правилата за застареност, а не се уништуваат веднаш.

Во членот 249 од Законот за кривичната постапка е уредена материјата за телесен преглед, земање крв и други лекарски дејствија. Согласно ставот (1) од овој член, „Телесен преглед на обвинетиот или на други лица ќе се преземе и без нивна согласност ако е потребно да се утврдат фактите важни за кривичната постапка." Во ставот (2) е пропишано дека „Земање на крв и други лекарски дејствија, кои според правилата на медицинската наука се преземаат заради анализа, идентификација на лица и утврдување на други факти важни за кривичната постапка, можат да се преземат и без согласност од лицето кое се прегледува, ако поради тоа не би настапила некаква штета по неговото здравје." Со ставот (3) е регулирано дека „Примероци за спроведување на ДНК анализа може да се земат, кога тоа е потребно заради идентификација на лица или заради споредување со други биолошки траги и други ДНК профили, и за тоа не е потребна согласност од лицето." Во ставот (4) е пропишано дека „Не е дозволено спрема обвинетиот или сведокот да се применат медицински интервенции или да им се даваат такви средства со кои би се влијаело врз нивната свест и волја при давањето на исказ." Согласно ставот (5), „Доколку не се поведе постапка, земените примероци согласно со овој член можат да се чуваат до застареност на кривичното гонење според одредбите на Кривичниот законик."

Во членот 25 од Уставот на Република Македонија е пропишано дека „На секој граѓанин му се гарантира почитување и заштита на приватноста на неговиот личен и семеен живот, на достоинството и угледот.“

Во однос на членот 249 став (1) истакнуваме дека тој е конципиран, меѓу другото, со цел да се изврши вештачење на телесните повреди на лицата кои може да се јават во различно својство во кривичната постапка (осомничениот или обвинетиот, оштетениот или други лица). Во најголем број случаи, телесните повреди се утврдуваат со непосреден телесен преглед. Во определени случаи вештото лице може да даде наод и мислење и врз основа на прибавена медицинска документација од самиот процес на лечење на тоа лице. Во случаите на телесен преглед, со него се утврдуваат факти кои се од значење за кривичната постапка. Така, на пример, се утврдува видот, карактерот и тежината на повредата на лицето. Токму затоа, во овој член е дадена законска можност да се изврши телесен преглед на лицето и без негова согласност ако тоа не се согласи доброволно да биде прегледано.

Истиот принцип е применет и при земањето крв, урина или други лекарски дејствија. И при преземањето на овие дејствија законодавецот пропишал дека овие дејствија се преземаат и без согласност на лицето ако тоа не се согласи доброволно да бидат извршени наведените лекарски дејствија. Во практиката најчести се случаите на земање крв и урина при сообраќајни несреќи. Во овие случаи често се случува лицата да се противат на земање крв и урина. Би сакале да истакнеме и дека оваа одредба е во согласност со јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права во Стразбур во однос на краткотрајното задржување на овие лица. Имено, Судот во Стразбур на ова прашање посебно се осврнува во предметите X. v. GERMANY, GUENAT v. SWITZERLAND и др.

Во ставот (3) од овој член кој се однесува на лекарски дејствија за потребите за обезбедување на биолошки траги преку примероци за спроведување на ДНК анализа законодавецот го следи принципот од претходните два става со кои е уреден телесниот преглед, земањето крв и другите лекарски дејствија.

Во ставот (4) е содржана гаранција врз лицата во постапката (обвинетиот или осомничениот, сведокот, оштетениот и др.) да се применуваат било какви медицински интервенции или да им се даваат средства со кои ќе се влијае врз нивната свест и волја при давањето на исказ.

Ставот (5) од оспорениот член се однесува на застарувањето и тоа се засметува согласно одредбите од Кривичниот законик. Согласно оваа одредба, доколку не се поведе постапка, земените примероци согласно со овој член можат да се чуваат до застареност на кривичното гонење според одредбите на Кривичниот законик, за кривичното дело за кое постои сомневање дека е сторено.

Истакнуваме дека членот 249 е содржан во Главата XVIII „Доказни средства“, во точката „4. Вештачење“. Во тој контекст, нагласуваме дека членот 249 е во корелација со останатите членови од оваа глава. Согласно овие одредби, изнесените наводи во Иницијативата се неосновани.

Во однос на членот 249, истакнуваме дека и во законите за кривична постапка во други држави, а особено во државите од регионот се содржани слични одредби кои се целосно во согласност и со Европската конвенција за човекови права, но и со јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права.

16.
Подносителот на Иницијативата наведува дека член 256 во делот „Мерките од член 252 став (1) точките 6, 7, 8, 9, 10, 11 и 12 на овој закон ги определува Јавниот обвинител со писмена наредба", не е во согласност со член 8 алинеја 3, член 17 од Уставот на Република Македонија и член 8 од Европската конвенција за човековите права. Според подносителот, наведениот дел од членот е во колизија со темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија, односно владеењето на правото. Истиот е во спротивност и со член 17 од Уставот, во кој се гарантира слободата и неповредливоста на облиците на комуникација и се предвидува дека може да се отстапи од ова право само и исклучиво со судска наредба. Вакво ограничување за немешање на јавната власт при остварување на правото на приватен и семеен живот и преписката и постоење на таксативно наведени исклучоци, предвидува и член 8 од Конвенцијата. Па така, делот од оваа одредба во која се предвидува можност јавниот обвинител да ги изрекува овие мерки, му дава неограничена моќ на обвинителот за располагање со овие податоци, односно можност истиот да навлезе во приватноста на секој од нас, без притоа да постои надворешна контрола над истото, или народски речено „јавниот обвинител има одврзани раце" за примена на овие мерки. Но, навлегувањето во приватноста, може да се случи само со постоење на судска наредба, како надворешен и независен механизам. Поединецот со ваква одредба е лишен и од правото да бара заштита од можни злоупотреби од волунтаристичко и самоволно користење на приватните податоци на граѓаните. Според подносителот, јавниот обвинител како државен орган, не може да се смета за независен орган, па со право се поставува прашањето дали истиот може да одговори на предизвикот и тежината на задачите кои им се дадени со новиот Закон. Во услови кога јавниот обвинител може да врши увид во вашата комуникација остварена телефонски или по електронски пат; кога може да користи лица за прибирање на информации и податоци за вас, бизнис податоци, за вашата личност, интимност, податоци од областа на граѓански прашања, здравственото осигурување, даноци, бизнис и сл., мора да постои судска контрола.

Во членот 256 од Законот за кривичната постапка е пропишано дека „Мерките од членот 252 став (1) точки 1, 2, 3, 4 и 5 на овој закон по образложено барање на јавниот обвинител ги определува судијата на претходната постапка со писмена наредба. Мерките од членот 252 став (1) точки 6, 7, 8, 9, 10, 11 и 12 на овој закон ги определува Јавниот обвинител со писмена наредба.

Во член 8 став 1 во алинејата 3 од Уставот на Република Македонија, меѓу другите, како темелна вредност на уставниот поредок е утврдено владеењето на правото.

Во Амандманот XIX од Уставот е пропишано дека „Се гарантира слободата и неповредливоста на писмата и на сите други облици на комуникација. Само врз основа на одлука на суд, под услови и во постапка утврдена со закон, може да се отстапи од правото на неповредливост на писмата и другите облици на комуникација, ако тоа е неопходно заради спречување или откривање кривични дела, заради водење кривична постапка или кога тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната на Републиката. Законот се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници".

Во однос на оваа оспорена одредба, истакнуваме дека изнесените наводи во Иницијативата се несоновани. Имено, не се точни наводите дека за примена на секоја посебна истражна мерка Судот во Стразбур бара судска одлука. Според јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права, за секој упад во приваноста не се бара да одлучува судски орган, туку

востановените стандарди се движат во насока за овие прашања да одлучува соодветен орган во строго пропишана постапка. Во оспорената одредба од Законот за кривичната постапка е пропишано дека за примена на поинтрузивните посебни итражни мерки се бара судска одлука, додека за останатите полесни мерки, одлука донесува јавниот обвинител. Дополнително, од анализата на посебните истражни мерки, може да се констатира дека нема посебна истражна мерка за која со Уставот се бара судска наредба, а тоа да не е испочитувано во Законот за кривичната постапка. Имено, за мерките: следење и снимање на телефонските и другите електронски комуникации; следење и снимање на дом, затворен или заграден простор што му припаѓа на тој дом или деловен простор означен како приватен или во возило и влез во тие простории заради создавање услови за следење на комуникации; тајно следење и снимање на лица и предмети со технички средства надвор од домот или деловен простор означен како приватен; таен увид или пребарување во компјутерски систем и автоматско, или друг начин пребарување и спроведување на личните податоци е пропишано дека по образложено барање на јавниот обвинител ги определува судијата за претходна постапка со писмена наредба. За останатите посебни истражни мерки за кои Уставот не бара судска наредба, како увид во остварени телефонски и други електоронски комуникации; симулиран откуп на предмети; симулирано давање и примање поткуп; контролирана испорака и превоз на лица и предмети; користење на лица со прикриен идентитет за следење и собирање на информации и податоци; отварање симулирана банкарска сметка и симулирано регистрирање на правни лица или користење на постојни правни лица за собирање на податоци е пропишано дека ги определува јавниот обвинител.

17.
Подносителот на Иницијативата наведува дека член 258 не е во согласност со член 8 алинеја 3, член 17 од Уставот на Република Македонија и член 8 од Европската конвенција за човековите права. Според подносителот, во оспорениот член не е пропишана обврска на јавниот обвинител редовно да го известува судијата на претходна постапка за спроведувањето на посебните истражни мерки, обврска која е потребна заради заштита од арбитрерност и незаконито постапување на органите кои ги спроведуваат овие мерки. Па така, во овој член не се предвидува јавниот обвинител да му доставува дневни извештаи и документација, односно технички записи на судијата на претходна постапка, туку оваа обврска настанува дури по завршувањето на посебните истражни мерки кога се доставува посебниот извештај и целокупната документација. Ова подразбира дека судијата на претходна постапка нема никаков увид ниту контрола над спроведувањето на овие мерки, а за нивното спроведување се запознава дури по вршењето на мерките, или во случај да постои барање за нивно продолжување. Исто така, според подносителот, во овој член не постои ниту обврска за полицијата која ги спроведува мерките да доставува редовни извештаи до јавниот обвинител, туку тоа го прави само по негово барање.

Во членот 258 од Законот за кривичната постапка е уредена материјата за спроведување на посебните истражни мерки. Огласно ставот (1) од овој член, „Мерките од членот 252 на овој закон ги спроведува јавниот обвинител или правосудната полиција под контрола на јавниот обвинител. Во текот на извршување на мерката правосудната полиција изготвува извештај кој го доставува до јавниот обвинител по негово барање“. Во ставот (2) е пропишано дека „По спроведување на мерките правосудната полиција изготвува посебен извештај кој го доставува до јавниот обвинител.“ Во ставот 3 е уредено дека „(3) Во извештајот од ставот (2) на овој член се наведени:

1) времето на почеток и завршување на мерката;
2) бројот и идентитетот на лицата опфатени со мерката и
3) краток опис за текот и резултатите од примената на мерката“.

Согласно ставот (4), „Целокупната документацијата на техничкиот запис се доставува до Јавниот обвинител, во прилог на посебниот извештај“.

Во ставот (5) е пропишано дека „Јавниот обвинител посебниот извештај и целокупната документација од ставот (3) на овој член ги доставува до судијата на претходната постапка“.

Во член 8 став 1 во алинејата 3 од Уставот на Република Македонија, меѓу другите, како темелна вредност на уставниот поредок е утврдено владеењето на правото. Во Амандманот XIX е пропишано дека „Се гарантира слободата и неповредливоста на писмата и на сите други облици на комуникација. Само врз основа на одлука на суд, под услови и во постапка утврдена со закон, може да се отстапи од правото на неповредливост на писмата и другите облици на комуникација, ако тоа е неопходно заради спречување или откривање кривични дела, заради водење кривична постапка или кога тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната на Републиката. Законот се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници“.

Изнесените наводи во однос на овој член се неосновани од причините наведени во образложението на претходната точка 16 од ова мислење. Имено, и Судот во Стразбур не бара судска заштита за примената на сите посебни истражни мерки. Ваков лимит не е даден ниту со Амандманот XIX од Уставот на Република Македонија. Сепак, Законот за кривичната постапка дава дополнителни гаранции и обезбедува судска контрола за примената на посебните истражни мерки. Имено, ставот (1) од оспорениот член пропишува надлежност за спроведување на посебните истражни мерки, и тоа, од страна на Јавниот обвинител или правосудната полиција. Во практиката, најчесто овие мерки ги спроведува правосудната полиција и тоа под контрола на Јавниот обвинител. Ова е во согласност со новиот концепт прифатен во Законот за кривичната постапка согласно кој јавниот обвинител раководи со претходната постапка. Контролните механизми се огледаат и во фактот дека правосудната полиција за спроведувањето на мерката изготвува извештај за нејзиното спроведување кој го доставува до јавниот обвинител.

Следниот сегмент на ex post контролата е обврската на правосудната полиција по завршувањето на спроведувањето на посебните истражни мерки да изготви посебен извештај што задолжително го доставува до јавниот обвинител.

Дополнителната судска контрола се обезбедува со ставовите (4) и (5) од овој член согласно кои Јавниот обвинител посебниот извештај од спроведената посебна истражна мерка заедно со целокупната документација му ги доставува на судијата на претходната постапка.

18.
Подносителот на Иницијативата наведува дека член 260 став 2, 3 и 4 не се во согласност со член 8 алинеја 3 и член 6 од Европската конвенција за човековите права. Со ваквата одредба, според подносителот, се руши принципот на владеење на правото и правната сигурност, како и начелото на судење во разумен рок. При ограничување на уставните права како што е случај кога се спроведуваат посебни истражни мерки, мора да постои јасно образложение за продолжување на овие мерки и потребата од ограничување на

правата, што не е случај со став 2 на овој член. Овој став остава простор за злоупотреби од страна на јавниот обвинител, односно наместо придржување кон рокот од четири месеци јавниот обвинител овие мерки ќе може да ги спроведува осум месеци. Па така, според подносителот, „проценка на податоците„ и „разумно очекување“ се премногу широки и апстрактни поими кои се апликативни во секој случај кога јавниот обвинител има поставено продолжување на рокот за една година, без притоа овој член да има поставено нормативни граници или поблиски насоки кои би можеле да го оправдаат ограничувањето на уставните права на граѓаните. Според подносителот, поради постоењето на неодредени поими „проценка на податоците„ и „разумно очекување“, се создава правна непредвидливост, неизвесност како и правна несигурност. Во овој случај нема да може да говориме ниту за изедначена судска пракса. Исто така, во овој став не е наметната обврска за судијата на претходна постапка да оценува дали се создадени околности за продолжување на мерките и дали постојат други методи со кои правата на граѓаните не би биле ограничени во таа мера како со посебните истражни мерки. Поради наведеното подносителот истакнува дека времетраењето на посебните истражни мерки не е сведено на најкраток временски рок, како се предвидува во Европската конвенција за човекови права, а постојат и préширокот поставени термини кои можат да бидат основа за арбитрерност и злоупотреба на овие мерки.

Во членот 260 е уредена материјата за времетраење на примена на мерките. Во ставот (1) од овој член е пропишано дека „Посебните истражни мерки може да траат најдолго четири месеци.“ Согласно ставот (2), „Продолжување на мерките од членот 252 став (1) точки 1, 2, 3 и 4 на овој закон најдолго за уште четири месеци може да одобри судијата на претходната постапка, а по образложено писмено барање на јавниот обвинител.“ Во ставот (3) е регулирано дека „За кривични дела за кои е пропишана казна затвор од најмалку четири години за кои постои основано сомневање дека се извршени од страна на организирана група, банда или друго злосторничко здружение, судијата на претходната постапка може да го продолжи рокот од ставот (2) на овој член за уште најдолго шест месеци, по писмено барање на јавниот обвинител, а врз основа на проценка на корисноста од собраните податоци со примена на мерката и врз разумно очекување дека со мерката и натаму може да се добијат податоци од интерес за постапката. „Согласно ставот (4), „Мерките од членот 252 став (1) точки 9, 10, 11 и 12 на овој закон можат да се продолжат до остварување на целта за која е определена мерката, а најдоцна до завршување на истрагата.“ Во ставот (5) е пропишано дека „Против решението на судијата со кое не се одобрува продолжување на времетраењето на мерката, по жалба на Јавниот обвинител во рок од 24 часа одлучува советот на судот од членот 25 став (5) на овој Закон.“

Во член 8 став 1 во алинејата 3 од Уставот на Република Македонија, меѓу другите, како темелна вредност на уставниот поредок е утврдено владеењето на правото.

Во однос на овој оспорен член, истакнуваме дека за траењето на посебните истражни мерки нема поставено уставни ограничувања. Исто така, во однос на изнесените наводи во Иницијативата дека „поради постоењето на неодредени поими „проценка на податоците„ и „разумно очекување“, се создава правна непредвидливост, неизвесност како и правна несигурност“, истакнуваме дека ова е целосно неосновано, од причина што овие прашања вообичаено ги решава судската практика. Дополнително, би сакале да истакнеме дека должината на траењето на посебните истражни мерки и нивното продолжување се движи во рамките на компаративните решенија, а дури во споредба со одредени законодавства тие се и пократки.

19.
Подносителот на Иницијативата наведува дека член 261 во делот „ќе се уништат под надзор на судијата, а за таа јавниот обвинител ќе го изготви записник“ и член 267 во делот „во рок од 15 месеци“ не се во согласност со член 25 од Уставот на Република Македонија и член 8 од Европската конвенција за човековите права. Па така, според подносителот рокот од 15 месеци по завршување на спроведувањето на мерката „автоматски или на друг начин, пребарување и спроведување со личните податоци“, не е разумен рок за чување на ваков вид на информации. Согласно Европската пракса, овие податоци е разумно да се чуваат не подолго од шест месеци, како не би довело до сериозни повреди на правата на граѓаните од член 8 од Конвенцијата.

Во членот 261 од Законот за кривичната постапка е пропишано дека „Кога ќе се постигнат целите заради кои се определени посебните истражни мерки или ќе престанат да постојат основите заради кои се одобрени, органот што ја издал или продолжил наредбата е должен веднаш да нареди запирање на мерките. Ако јавниот обвинител се откаже од кривично гонење или ако собраните податоци со посебните истражни мерки немаат значење за водење на постапката, ќе се уништат под надзор на судијата, а за тоа јавниот обвинител ќе изготви записник.“

Во членот 267 од Законот за кривичната постапка е пропишано дека „Ако во рок од 15 месеци по завршување на спроведување на мерката од членот 252 став (1) точка 5 на овој закон не се поведе кривична постапка, сите собрани лични податоци се бришат или уништуваат под надзор на судијата на претходна постапка, јавниот обвинител и претставникот на Дирекција за заштита на личните податоци за што Јавниот обвинител ќе состави записник.“

Во членот 25 од Уставот на Република Македонија е пропишано дека „На секој граѓанин му се гарантира почитување и заштита на приватноста на неговиот личен и семеен живот, на достоинството и угледот.“

Во однос на овој оспорен член, истакнуваме дека нема поставено уставни ограничувања во однос на периодот во кој се уништуваат сите собрани лични податоци по завршувањето на спроведувањето на мерката. Во контекст на уништвањето на мерките, значајно е да се истакне дека е обезбедена судска контрола. Имено, согласно членот 261 од Законот за кривичната постапка, доколку јавниот обвинител се откаже од кривично гонење, во постапката во која се применети посебни истражни мерки, или ако за податоците добиени со примена на посебните истражни мерки се утврди дека немаат значење за водење на постапката, добиените податоци со примена на овие мерки ќе се уништат. Уништувањето на податоците се спроведува под надзор на судијата на претходна постапка, а јавниот обвинител составува записник. Сличен вид судска контрола е предвиден и во членот 267, каде што е пропишано дека сите собрани лични податоци се бришат или уништуваат под надзор на судијата на претходна постапка, јавниот обвинител и претставникот на Дирекција за заштита на личните податоци, за што јавниот обвинител ќе состави записник.

20.
Подносителот на Иницијативата наведува дека член 262 во делот „по барање“ и „Засегнатото лице барањето може да го достави и до судот“ не е во согласност со член 8 и 13 од Европската конвенција за човековите права. Според подносителот, засегнатото лице кое било мета на посебни истражни мерки за истото може да дознае само и исклучиво во случај кога е поднесено обвинение против него, односно е иницирана кривична

постапка. Во сите останати случаи мала е веројатноста дека истиот некогаш ќе знае дека бил под посебни истражни мерки и му била нарушена приватноста. Па оттука, според подносителот нејасно е како истиот да поднесе барање до јавниот обвинител или до судот кога воопшто не е запознаен со истото. За да се достави барање и да се добијат релевантни пдоатоци, засегнатото лице треба да поседува оперативни информации и да докаже дека бил под овие мерки. Подносителот заклучува дека овој правен лек на кој упатува закон не може да се смета за делотворен напротив е само теоретски псотавен без да има практична примена.

Во членот 262 од Законот за кривичната постапка е пропишано дека „По прекинување на посебните истражни мерки, ако тоа не штети на постапката, по барање на засегнатото лице, јавниот обвинител ќе му ја достави писмената наредба. Засегнатото лице барањето може да го достави и до судот."

Во однос на овој оспорен член, истакнуваме дека Уставот на Република Македонија нема востановено ваква гаранција, туку дека таа е предвидена како дополнителна заштита во Законот за кривичната постапка.

21.

Подносителот на Иницијативата наведува дека член 276 став 2 точка 6, не е во согласност со член 17 и 26 од Уставот на Република Македонија и член 8 од Европската конвенција за човековите права. Според подносителот, оспорената одредба предвидува можност за полицијата без обезбедена судска одлука да го повредува правото на неповредливост на домот или пак да изврши увид во документацијата задирајќи во слободат на неповредливост на писмата и другите облици на комуникација. Единствено образложение за вршењето на овие дејствија е добиено сознание за сторено кривично дело. Па така, полицијата, во секое време, со изговор дека постојат сознанија за сторено кривично дело можат на пр. да извршат преглед на една адвокатска канцеларија, како и увид во документацијата, што подразбира да добијат службени тајни податоци кои подлежат под привилегија на тајнсот меѓу адвокат - клиент, или пак, при увидот да добијат лични семејни прилики за поединци и сл. Според подносителот ваква широка и непрецизно поставена одредба може да доведе до арбитрерност на полицијата и повреда на домот, преписката на секој од нас (бидејќи не постои објаснување дали оваа одредба се однесува на сите граѓани или на оние кои се сомничат за сторно кривично дело), само под изговор дека постои сомнение за сторено кривично дело.

Во член 276 од Законот за кривичната постапка се пропишани полициските овластувања во делот на полициските извиди. Согласно точката 6 од ставот (2) од наведениот член, заради извршување на задачите од ставот (1) на овој член полицијата, меѓу другото, може:
„- во присуство на службено или одговорно лице да изврши преглед на определени објекти и простории на државни органи, институции што вршат јавни овластувања и други правни лица и да оствари увид во нивната документација".

Во Амандманот XIX е пропишано дека „Се гарантира слободата и неповредливоста на писмата и на сите други облици на комуникација. Само врз основа на одлука на суд, под услови и во постапка утврдена со закон, може да се отстапи од правото на неповредливост на писмата и другите облици на комуникација, ако тоа е неопходно заради спречување или откривање кривични дела, заради водење кривична постапка или кога тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната на Републиката. Законот се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници."

Во членот 26 од Уставот на Република Македонија е пропишано дека „Се гарантира неповредливоста на домот. Правото на неповредливост на домот може да биде ограничено единствено со судска одлука кога е во прашање откривање или спречување, на кривични дела или заштита на здравјето на луѓето“.

Во однос на оспорената одредба, истакнуваме дека таа е целосно во согласност со уставните одредби. Имено, правото на полицијата во рамките на полициските извиди во присуство на службено или одговорно лице да изврши преглед на определени објекти и простории на државни органи, институции што вршат јавни овластувања и други правни лица и да оствари увид во нивната документација, не претставува повреда на членот 26 од Уставот, затоа што наведените објекти не претставуваат дом. Имено, овие јавни простории се дополнително процесно заштитени во Законот за кривичната постапка, но не спаѓаат во категоријата „дом“. Посебната заштита на овие јавни простотии е за да се заштитат самите органи, што со Уставот воопшто не се предвидени посебни ограничувања за нив. Дополнително, истакнуваме дека преглед на определени објекти, простории на државни органи институции што вршат јавни овластувања и други правни лица и увид во определена нивна документација, полицијата може да презeме само во присуство на одговорно лице и тоа не во сите можни случаи кои би преминале во сферата на арбитрерност, туку само во строго дефинирани случаи, како: пронаоѓање и фаќање на лице затечено во извршување на кривично дело кое се дало во бегство; пронаоѓање и фаќање на лице кое при приведување се дало во бегство; пронаоѓање и фаќање на лице за кое е распишана потерница согласно со закон; постапување по пријава за присуство на експлозивни направи или друга опасност и заради обезбедување на документација за успешно водење на кривичната постапка. Тоа е и едно од основните должности на овластените службени лица на полицијата да можат да извршат преглед на објекти и простории како и увид во документацијата на државни органи, претпријатијата и установите, кога постојат основи на сомневање дека кај нив е извршено кривично дело што се гони по службена должност или може да се најдат траги и предмети што можат да послужат како доказ во понатомошниот тек на кривичната постапка. При вршењето на увид во документацијата на државен орган, институција што врши јавно овластување и друго правно лице, полицискиот службеник не постапува арбитрерно, туку согласно строго утрдени правила и постапки кои се пропишани во Правилникот за вршење на начинот на полициските работи.

22.
Подносителот на Иницијативата наведува дека член 277 став 1, не е во согласност со член 18 од Уставот на Република Македонија. Според подносителот, ова целосно ја повредува сигурноста на тајноста на личните податоци. Законодавецот воопшто не направил категоризација во поглед на тежината на кривичното дело поради кое се задира во интимата - личниот и приватниот живот на одредено лице. Според подносителот, општото мерило за прибирање на овие податоци „за успешно водење на кривичната постапка“ е недефиниран, прешироко поставен и остава простор за лична интерпература на лицето кое ги презема овие мерки. Исто така, според подносителот, не се прави разлика меѓу личните податоци земени со ДНК анализа и останати лични податоци прибавени на друг начин, односно воопшто не им е дадена погоелма правна заштита на личните податоци прибавени со ДНК анализа, податоци кои се однесуваат на генетски податоци. Единствено што закондавецот предвидел е дека овие податоци се потребни за кривичната постапка. Прибавувањето на личните податоци по пат на ДНК анализа мора да биде детално предвидено и уредено, како не би претставувало повреда на Уставот на Република Македонија и Европската конвенција за човековите права.

Во член 277 е уредена материјата за земање отпечатоци, примерок за ДНК анализа и фотографирање. Во ставот (1) од овој член е пропишано дека „Кога е потребно заради утврдување на идентитетот на лицата и предметите или во други случаи од интерес за успешно водење на постапката, правосудната полиција може да го фотографира осомничениот, да земе отпечаток од папиларните линии од прстите и дланките, да земе биолошки материјал за ДНК анализа, а по претходно одобрение на јавниот обвинител да ја објави и неговата фотографија. Правосудната полиција може од осомничениот да земе и примероци заради ДНК анализа, согласно со членот 249 став (3) од овој Закон".

Со член 18 од Уставот на Република Македонија е утврдено дека „Се гарантираат сигурноста и тајноста на личните податоци".

Во однос на оспорената одредба, истакнуваме дека таа е во соглласност со членот 18 од Уставот на Република Македонија и Европската конвенција за човекови права. Имено, Конвенцијата експлицитно дозволува земање крв, урина и сл. од лицето и го смета за разумно дејствие за да се докаже, на пример, дали во урината има дрога или алхохол при сообраќајни несреќи и слично. Истото се однесува и на останатите дејствија предвидени во овој член, како земање отпечаток од папиларните линии од прстите и дланките, кои претставуваат најнормална криминалистичка практика во сите држави. За земањето биолошки материјал за ДНК анализа, Судот во Стразбур наметнува повисоки стандарди кои се целосно задоволени во Законот за кривичната постапка. Имено согласно конвенцијата, не е спорно земањето биолошки материјал за ДНК доколку има потреба од нејзино користење за потребите на кривиичната постапка. Поконкретно, дозволено е земањето биолошки материјал за ДНК од конкретни лица кои би можеле да бидат сторители на кривично дело или пак жртви на одредено конкретно кривично дело. Спротивно од наведеното, Судот во Стразбур во својата јуриспруденција зазел став дека не дозволува превентивно земање биолошки материјал за ДНК, на пр., од сите сторители на одредени кривични дела, за во иднина при сторени нови кривични дела постојниот земен материјал од тие лица да се споредува со обезбедените докази за стореното кривично дело, за полесно откривање на сторителите на ова новосторено дело. Според Судот во Стразбур, ваквото превентивно земање биолошки материјал за ДНК е прешироко и не е оправдано. Меѓутоа, вакво решение не постои во македонското законодавство и од таа страна целосно сме на линија на Конвенцијата.

23.
Подносителот на Иницијативата наведува дека член 292 став 2 не е во согласност со член 15 од Уставот на Република Македонија и член 6 и член 13 од Европската конвенција за човековите права. Според подносителот оваа одредба е спротивна на член 15 од Уставот, каде се гарантира правото на жалба против поединечни правни акти донесени во постапка пред орган на државната управа или одрганизација и друг орган кој врши јавни овластувања. Доколку не се предвидува право на жалба Уставот предвидува дека е потребна друга правна заштита. Правото на правен лек е универзално право предвидено и во меѓународните документи. Според подносителот, оспорениот член не предвидува ниту право на правна поука, ниту обврска за јавниот обвинител да ја достави наредбата до осомничениот, односно неговиот бранител, особено ако се земе во предвид член 6 од Конвенцијата став (3) - Доколку обвинетиот не знае дека против него се води истрага, односно е донесена наредба за спроведување на истражна постапка истиот не може да ги оствари правата предвидени со Законот за кривичната постапка.

Во членот 292 од Законот за кривичната постапка е уредена материјата за наредба за спроведување истражна постапка. Во ставот (2) од овој член е пропишано дека „Наредбата за спроведување на истражна постапка содржи лични податоци на осомничениот, опис и правна квалификација на делото. Во наредбата за спроведување на истражна постапка јавниот обвинител одредува да се извидат определени околности, да се преземат определени истражни дејствија и за одредени прашања да се испитаат определени лица“.

Во Амндманот XXI од Уставот е пропишано дека „Се гарантира правото на жалба против одлуки донесени во постапка во прв степен пред суд. Правото на жалба или друг вид на правна заштита против поединечни правни акти донесени во постапка во прв степен пред орган на државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања се уредува со закон.“

Во однос на оспорениот член, истакнуваме дека не е во спротивност со Амандманот XXI од Уставот на Република Македонија од следниве причини:
Наредбата за спроведување на истражна постапка претставува интерен акт на јавниот обвинител. Таа не се доставува до осомничениот, затоа што тој и неговиот бранител немаат право на жалба или приговор против наредбата која се приклучува во списите на предметот на јавниот обвинител.

Самата истрага согласно новиот концепт вграден во Законот за кривичната постапка веќе не е формално собирање на докази (не претставува изведување на докази постапка и не е дел од судската), туку само собирање на докази кои допрва ќе бидат изведени на главна расправа каде што одбраната ќе има можност да ги оспорува. Ова се дејствија кои државните органи ги преземаат без да го задираат конкретниот осомничен. Во првиот момент кога осомничениот ќе биде засегнат со одредено конкретно дејствие (на пр., ќе се испрашува, ќе се изврши негов претрес и сл.), Законот за кривична поостапка предвидува тој да биде информиран за да ги оствари своите права.

24.
Подносителот на Иницијативата наведува дека член 296 став 1 не е во согласност со член 8 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија и член 6 од Европската конвенција за човековите права. Според подносителот, во наведената одредба законодавецот предвидел можност обвинетиот, неговиот бранител и оштетениот да присуствуваат на истражните дејствија и обврска јавниот обвинител да ги извести за истото. Според подносителот, она што е нејасно и оставено без да биде дорегулирано, како оваа норма би била спроведлива и во пракса е во кој рок јавниот обвинител треба да ги извести странките и што се пдоразбира под терминот „погоден начин“, како и на кој начин да се постапи во случај кога јавниот обвинтиел не ги известил за оваа можност, а не постоеле пречки за нивно присуство.

Во членот 296 од Законот за кривичната постапка е уредена материјата за учество на осомничениот, бранителот и оштетениот во истражната постапка. Во ставот (1) од овој член е пропишано дека „Јавниот обвинител е должен на погоден начин да го извести бранителот,оштетениот и осомничениот за времето и за местото на извршувањето наистражните дејствија на кои тие можат да присуствуваат, освен кога постоиопасност од одлагање. Ако осомничениот има бранител, Јавниот обвинител по правило, ќе го извести само бранителот.“

Во член 8 став 1 во алинејата 3 од Уставот на Република Македонија, меѓу другите, како темелна вредност на уставниот поредок е утврдено владеењето на правото.

Наводите изнесени во Иницијативата во однос на оспорениот член се неосновани од причина што за ова прашање не постои уставно лимитирање. Подносителот на Иницијативата проблематизира за тоа што се пдоразбира под терминот „погоден начин“ на известување од страна на јавниот обвинител. Употребата на овој термин воопшто не е спорно и тој подразбира дека известувањето не мора задолжително да биде во писмена форма, туку може да биде направено по пат на телефонско известување, со електронска порака преку е-маил, смс порака и сл.

Значајно за овој член е дека јавниот обвинител нема изрична обврска да ја извести одбраната за испитувањето на сведоците. Иако на прв поглед со вака дефинираната одредба се повредуваат правата на одбраната, сепак тоа не е така и тоа од следниве причини:

За разлика од претходниот Закон за кривичната постапка, единствено дејствие во оваа фаза на постапката од каде што е исклучена одбраната е испрашувањето на сведоците. Меѓутоа, ова е предвидено како заштита на правото на фер судење. Учеството на одбраната на испрашувањето на сведоците во истрага би било несоодветно и непродуктивно, бидејќи одбраната во оваа фаза на постапката не ги знае сите докази за да може да ги тестира исказите на сведоците. Во тој контекст, одбраната има право да ги испитува сведоците на главна расправа и да ги тестира нивните искази.
Во сите останати дејствија во текот на истражната постапка одбраната е активно вклучена.

Цитираните предмети на Европскиот суд за човекови права во контекст на овој член во однос на доказите прибавени во текот на истражната постапка се несоодветни, бидејќи согласно одредбите на Законот за кривичната постапка, во истражната постапка (која претставува неформална постапка) само се прибираат доказите, а нивното изведување се врши на главната расправа.

25.
Подносителот на Иницијативата наведува дека член 301 став 4 не е во согласност со член 13 од Европската конвенција за човековите права. Според подносителот, законодавецот предвидел правно средство - поплака до Вишиот јавен обвинител во случај на одолговлекување на истражната постапка од страна на јавниот обвинител. Но ова правно средство воопшто не е делотворно како што предвидува и налага Конвенцијата од причина што обвинетиот воопшто не се известува за одлуката на јавниот обвинител за продолжување на истрагата, напротив тој се известува само по завршувње на истражната постапка (член 302 став 1), па не е јасно е како ќе се користи овој правен лек кога ниту обвинетиот, бранителот и оштетениот не се известени за истото.

Во членот 301 од Законот за кривичната постапка е уредена материјата за завршување на истражната постапка. Имено, согласно оспорениот став (4) од овој член, „Заради неправилности или одолжување на истражната постапка, осомничениот, неговиот бранител и оштетениот можат со поплака да се обратат до вишиот јавен обвинител. Во овој случај вишиот јавен обвинител ќе ги испита наводите од поплаката и доколку оцени дека тие се основани, ќе преземе соодветни мерки за завршување на истражната постапка или за отстранување на неправилностите.“

Во однос на оспорениот член, истакнуваме дека изнесените наводи во Иницијативата не содржат елементи за неговата спротивност со одредена одредба од Уставот на Република Македонија.

Во однос на траењето на истрагата, значајно е да се образложи новиот концепт прифатен во Законот за кривичната постапка. Имено, за разлика од претходниот закон, постојниот Закон за кривичната постапка бара истрагата да „созрее“. Тоа претставува заштита за осомничениот, бидејќи овој концепт подразбира да се соберат сите докази, па дури тогаш да се пристапи кон судење. За разлика од наведеното, стариот концепт дозволуваше да се помине на судење и се дозволуваше и во текот на судењето да се собираат докази. Недостатците на овој модел се огледуваа во фактот дека се дозволуваше судењето да започне без доволно докази и воедно се одолговлекуваше целата постапка. За разлика од овој модел, кај концептот имплементиран во постојниот Закон за кривичната постапка, идејата е јавниот обвинител да има собрано доволно докази за осуда уште пред да го отпочне судењето. Ова превенира т.н. „незрели“ случаи да се изнесуваат на судење.
Во оспорениот дел од овој член се дава право на осомничениот, неговиот бранител и оштетениот доколку сметаат дека има одредени неправилности во постапувањето на јавниот обвинител во текот на истражната постапка или дека истата неосновано се одолговлекува, да можат да се обратат со поплака до вишиот јавен обвинител. Во ваков случај вишиот јавен обвинител ја испитува основаноста на наводите во поплаката. Доколку вишиот јавен обвинител утврди дека изнесените наводи се основани, тогаш тој ќе преземе соодветни мерки за завршување на истражната постапка или за отстранување на неправилностите. Напоменуваме дека овие мерки се тесно поврзани со принципот на хиерархиска субординација детално разработен во Законот за јавното обвинителство (на пр., може да покрене постапка за дисциплинска одговорност на основниот јавен обвинител, да му даде писмени упаства, да му го одземе предметот и сл.).

26.
Подносителот на Иницијативата наведува дека член 302 став 3 во делот „да сосатвуваат“ и став 4 во делот „во рок од 15 дена“, не се во согласност со член 6 од Европската конвенција за човековите права. Според подносителот, доколку се погледне одредбата може да се забележи дека истата не е во согласност со член 6 став 3 точка а и б од Конвенцијата, кои предвидуваат минимални права на обвинетиот како: да биде веднаш детално известен за природата и основата на обвинетието против него и да има доволно време и адекватни услови да ја подготви својата одбрана. Законодавецот во член 302 став 3 говори за прегледување и составување препис од доказите и списите наместо да предвиди право обвинетиот и бранителот да ги добијат доказите и списите. Исто така, во законот не е предвидено докога оваа право важи за обвинетиот и неговиот бранител. Според подносителот, правото да се подготви одбрана не може да биде задоволена со разгледување на списите, каде што предвидува оспорената одредба и како што се толкува истата во рамки на јавното обвинителство. Правото на увид во списите на предметот и правото на добивање на доказите се елементарни права на одбраната во рамки на кривичната постапка и водат кон запознавање на обвинетиот со доказите кои му се ставаат на терет. Според подносителот, без почитување на ова елементарно право не можеме да зборуваме за правичност за постапката, еднаквост на странките и еднаквост на оружјата, кои се базични институти на постапката гарантаирани со член 6 од Конвенцијата. Оспорената одредба не дава одговор ниту на прашањето во кој рок може обвинетиот и неговиот бранител да го остварат ова право, со оглед на тоа што е нејасно во кој рок се поднесува известување за извршување на истражната постапка.

Според подносителот оспорениот став 4 од член 302, е во спротивност со правото на обвинетиот да има доволно време и адекватни услови за подготвување на својата одбрана, предвидено во член 6 став 3 точка 6.

Во членот 302 од Законот за кривичната постапка е уредена материјата за Известување на осомничениот за завршување на истражната постапка. Во ставот (3) од оспорениот член е пропишано дека „(3) Известувањето содржи краток опис на кривичното дело за кое било постапувано, правната квалификација, со назначување дека сите списи од спроведената истражна постапка се дадени на чување во архивата на јавното обвинителство и дека осомничениот и неговиот бранител имаат право да ги прегледуваат списите и доказите и да составуваат препис. Во ставот (4) од овој член е регулирано дека „Известувањето содржи поука дека осомничениот има право во рок од 15 дена од приемот на известувањето да поднесе исправи, или други докази, списи од дејствијата на одбраната, или да бара од јавниот обвинител да собере определени докази.“

Во однос на оспорениот член, истакнуваме дека изнесените наводи во Иницијативата не содржат елементи за неговата спротивност со одредена одредба од Уставот на Република Македонија.

Согласно овој член на осомниченииот му се обезбедуваат сите права согласно меѓународните стандарди. Имено, во постапката јавниот обвинтел ќе собере разни видови документи, скици, предмети, електронски докази, фотодокументации, и други материјални докази, а на осомничениот му е загарантирано правото на увид во сите списи и докази.

Согласно законската одредба преписот се подразбира синоним за автентичност на документите и затоа на осомничениот му се дозволува да направи копија од доказите без разлика во каква форма се.

Во однос на оспорениот став (4) во делот на краткиот рок од 15 дена од приемот на известувањето да поднесе исправи, или други докази, списи од дејствијата на одбраната, или да бара од јавниот обвинител да собере определени докази, истакнуваме дека наводите изнесени во Иницијативаа се неосновани. Имено, овој рок претставува дополнителен рок и е дополнителна заштита на осомничениот. Така, и доколку теоретски осомничениот не бил известен за истрагата, при истражните дејствија што се преземаат против него или се поврзани со него на кои што има право да присуствува (освен испитувањето на сведоците), тој е запознаен многу порано дека се води истрага и рокот од 15 дена пропишан во ставот (4) од оспорениот член е само дополнителен рок во кој осомничениот може да поднесе исправи, или други докази, списи од дејствијата на одбраната, или да бара од јавниот обвинител да собере определени докази. Исто така, би сакале да истакнеме дека вака дефинираниот рок е во интерес на осомничениот од аспект за амалувањето на траењето на постапката. Пропишувањето подолг рок би значело одолговлекување на постапката што не е во полза на осомничениот.

27.
Подносителот на Иницијативата наведува дека член 384 став 1 не е во согласност со членот 6 од Европската конвенција за човековите права. Во овој член се регулираат правилата за т.н. директно, вкрстено и дополнително испитување на сведоците. Па така, се наведува дека сведокот може директно да биде испитуван само од страната која го предложила а спротивната страна има можност само вкрстено да го испитува исклучиво само на она што

било изнесено во рамки на директното испитување. Со ваквата формулација, според подносителот, се доведува во прашање смислата на испитувањето на сведоците, нивната дискретација, дисквалификација и добивањето вредносен исказ, преку кој судот би имал јасна слика за околностите на кои се повикуваат сведоците. Според подносителот, оваа одредба во праксата ќе доведе до случаи каде сведоците ќе бидат подготвувани за директно испитување, да постои лимитирање на прашањата, но и дадените одговори, со цел спротивната страна кога би го вршеле вкрстеното испитување да не може да поставува прашања за целосно разјаснување, па на тој начин судијата би добил нецелосна слика. Општо правило е обвинетиот да може да го оспорува и испитува сведокот против него, а доколку постојат исклучоци од ова право тие не сметат да бидат на штета на неговите права и да водат кон повреда на Конвенцијата. Поради тоа, според подносителот, ограничувањата зададени во оспорената одредба се спротивни на гаранциите од Конвенцијата и претставуваат повреда на правилата на контадикторна постапка.

Во член 384 од Законот за кривичната постапка е уредена материјата за директно, вкрстено и дополнително испитување на сведоци. Согласно ставот (1) од овој член, „Сведокот го испитува странката која го предложила согласно со членот 383 став (2) од овој закон. Прашањата за сведокот на спротивната странка се ограничени и се однесуваат на прашањата кои претходно биле поставени во текот на испитувањето на сведокот од странката која го предложила. Прашањата на повторното испитување на сведокот од странката која го предложила се ограничени и се однесуваат на прашањата поставени во текот на испитувањето на сведокот од спротивната странка“.

Во однос на оспорениот член, истакнуваме дека изнесените наводи во Иницијативата не содржат елементи за неговата спротивност со одредена одредба од Уставот на Република Македонија.

Од аспект на членот 6 од Европската конвенција за човекови права, истакнуваме дека изнесените наводи се неосновани. Имено, концептот за фер судење од Конвенцијата поаѓа од идејата за вкрстено испрашување како природна состојба бидејќи соодветствува со западниот концепт за акузаторна постапка.

28.
Подносителот на Иницијативата наведува дека член 393 став 1 не е во сограност со член 8 алинеја 3 и член 6 од Европската конвенција за човековите права. Според подносителот, дозволувајќи му на Јавниот обвинител во секое време да го измени обвинението создава правна несигурност за обвинетиот, но и ускратување на многубројни загарантирани права. На овој начин, според подносителот, се покриваат и можните пропусти сторени од јавниот обвинител, кој има обврска за изнесената фактичка состојба да прибави докази како обвинението би било издржано.

Во членот 393 е уредена материјата за измена и проширување на обвинението. Согласно ставот (1) од овој член, „Ако обвинителот оцени дека изведените докази укажуваат дека се променила фактичката состојба изнесена во обвинението, може на главната расправа да го измени обвинението. Заради подготовка на одбраната, главната расправа може да се одложи. Во овој случај, не се врши потврдување на обвинението.“

Во однос на оспорениот член, истакнуваме дека изнесените наводи во Иницијативата не содржат елементи за неговата спротивност со одредена одредба од Уставот на Република Македонија.

Јавниот обвинител може да го измени поднесеното обвинение ако од доказите кои биле изведени на главната расправа произлезе поинаква фактичка состојба од онаа што е содржана во диспозитивот на поднесеното обвинение. Во тој случај, можна е измена на обвинението од два аспекта: измена на описот на обвинението, но и измена на правната квалификација на кривичното дело. Доколку законодавецот би ја следел логиката на изнесените наводи во Иницијативата, тогаш или би требало да биде ослободено лице за кое би постоеле докази за негово прогласување за виновен или пак невино лице би морало да биде осудено затоа што не би било можно да се измени обвинението, а од доказите кои биле изведени на главната расправа произлегла поинаква фактичка состојба од онаа што е содржана во диспозитивот на поднесеното обвинение.

29.
Подносителот на Иницијативата наведува дека член 409 став 2 не е во согласност со член 15 од Уставот и член 13 од Европската конвенција за човековите права. Оваа одредба е во спротивност со член 15 од Уставот каде е загарантирано правото на жалба против одлуки донесени во постапка пред прв степен во суд. На овој начин се избегнува и правото на жалба како ефективен правен лек.

Исто така, според подносителот, во овој став, законодавецот заборавил да предвиди рок во кој судот треба да донесе решение за исправка, па ова упатува дека тоа може да се случи и по доставувањето на пресудата и по изјавувањето на жалба, што значи дека воопшто не е јасна постапката за исправка на пресудата со решение.

Во членот 402 од Законот за кривичната постапка е уредена материјата за грешки во пресудата. Имено, согласно ставот (1) од овој член, „Грешките во имињата и броевите, како и други очигледни грешки во пишувањето и сметањето, недостатоците во формата и несогласноста на писмено изработената пресуда со изворникот ќе ги исправи со посебно решение претседателот на советот, по барање од странките или по службена должност.“ Согласно ставот (2) од истиот член, „Ако постои несогласност меѓу писмено изработената пресуда и нејзиниот изворник во поглед на податоците од членот 404 став (1) точки 1, 2, 3, 4, 5 и 7 на овој закон, решението за исправката ќе им се достави на лицата наведени во членот 407 од овој закон. Во тој случај рокот за жалба против пресудата тече од денот на доставувањето на тоа решение против кое не е дозволена посебна жалба“.

Во Амандманот XXI од Уставот на Република Македонија е пропишано дека „Се гарантира правото на жалба против одлуки донесени во постапка во прв степен пред суд. Правото на жалба или друг вид на правна заштита против поединечни правни акти донесени во постапка во прв степен пред орган на државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања се уредува со закон“.

Во однос на оспорениот член, истакнуваме дека изнесените наводи во Иницијативата не содржат елементи за неговата спротивност со Амандманот XXI од Уставот на Република Македонија. Имено, со исправките се корегираат одредни грешки кои, пред сè, имаат технички и суштински карактер и во таа насока се движат решенијата пропишани во овој член кои не спаѓаат во опфатот на Амандманот XXI од Уставот. Во контекст на наведеното е и тоа дека грешки кои можат да се исправат се само оние грешки што се направени при писменото изработување на пресудата, а не и оние што се направени при нејзиното објавување. Ова стојалиште поаѓа од законските одредби согласно кои писмено изработената пресуда мора целосно да одговара на пресудата што е објавена.

30.
Подносителот на Иницијативата наведува дека член 411 став 4 не е во согласност со член 15 од Уставот и член 13 од Европската конвенција за човековите права. Правото на жалба е право загарантирано со член 13 од Конвенцијата, па се предвидува секое лице кое смета дека некое право од Конвенцијата му е повредено да изјави жалба пред домашните судови, а истите да ја разгледуваат и доколку постојат повреди, да ги отстранат повредите.

Во член 411, став (4) од Законот за кривичната постапка е пропишано дека „Оштетениот може да ја побива пресудата во однос на одлуката за трошоците на кривичната постапка, а доколку е досудено имотноправно побарување и во тој дел“.

Во Амандманот XXI од Уставот на Република Македонија е пропишано дека „Се гарантира правото на жалба против одлуки донесени во постапка во прв степен пред суд. Правото на жалба или друг вид на правна заштита против поединечни правни акти донесени во постапка во прв степен пред орган на државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања се уредува со закон“.

Во однос на оспорената одредба, истакнуваме дека наводите изнесени во Иницијативата се неосновани. Оштетениот е лимитиран во правото да ја побива одлуката на судот по разни основи. Имено, неговото ограничување за изјавување жалба се движи само во делот на одлуката која се однесува на трошоците на постапката и на имотно правно побарувања (доколку има досудено такво побарување). Причината за тоа е новоприфатениот концепт во постојниот Закон за кривичната постапка согласно кој повеќе не постои неговото право за изјавување на жалба како супсидиерен тужител. Имено, овој институт е напуштен и повеќе не егзистира во Законот за кривичната постапка.

31.
Подносителот на Иницијативата наведува дека Глава XXVIII - Скратена постапка, членови 468 - 482, не се во согласност со член 8 алинеја 3, член 9 од Уставот на Република Македонија и член 6 од Европската конвенција за човековите права. Во Глава XXVIII се уредуваат правилата на скратената постапка, која се предвидува за кривични дела за кои е пропишана парична казна или казна затвор до пет години, а која се поведува со обвинителен предлог на јавниот обвинител или приватна жалба. Во оваа глава се наведува дека постапката ќе се спроведува врз основа на наведените членови, а доколку истите не регулираат нешто посебно ќе се применуваат другите одредби од законот. Според подносителот, целокупната постапка не е во согласност со правото на еднаквост на граѓаните.

Исто така, обвинетиот има право да спроведе своја истрага, за подготвување на својата одбрана, да бара известуања од органи, правни лица, да прибавува информации од граѓани, да истакнува предлози до јавниот обвинител за собирање на докази и сл. Од друга страна, во рамки на скратената постапка, обвинетиот за прв пат се известува дека против него била водена постапка со доставување на поканата за главна расправа и препис од обвинителниот предлог, кој не ги содржи доказите од кои произлегува основано сомнение дека обвинетиот го сторил делото, туку истиот содржи само листа на предложени докази. Така, според подносителот, нејасно е како обвинетиот да ја подготви својата одбрана и да го користи своето право да предлага докази во своја одбрана, кога истиот не е запознаен со содржината на доказите. Оттука, според подносителот, произлегува заклучок дека граѓаните не се еднакви пред законите и Уставот, бидејќи скратената постапка е креирана

со цел побрзо решавање на кривичните предмети без притоа да се земат во предвид елементарните права на обвинетото лице.

Во Главата XXVIII - Скратена постапка, членови 468 - 482 се содржани одредби за: Дела за кои се води скратена постапка, Поведување на скратената постапка, Определување притвор, Елементи на обвинителниот предлог, Прием на обвинение во судот, Ненадлежност, Отфрлање на обвинение, Рочиште за помирување, Место каде што се одржува главната расправа, Приговор за месна ненадлежност, Услови за одржување на главна расправа, Тек на главната расправа, Изрекување пресуда и Известување за седница на советот на второстепениот суд.

Во член 8 став 1 во алинејата 3 од Уставот на Република Македонија, меѓу другите, како темелна вредност на уставниот поредок е утврдено владеењето на правото.

Во членот 12 од Уставот на Република Македонија е пропишано дека „Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување; имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви."

Одредбите за скратената постапка се во согласност со меѓународните стандарди во оваа сфера, а особено со Препораката на Советот на Европа РЕЦ(2003)23 и Препораката на Советот на Европа Р(87)18 за поедноставување на кривичната правда. Скратената постапка претставува симплифициран облик на кривична постапка, при што исклучоците од редовната кривична постапка се пропишани во одредбите на оваа глава од Законот за кривичната постапка. Изнесените наводи во Иницијативата се неосновани затоа што одбраната во оваа постапка може да ги оствари најголемиот дел од правата на обвинетиот кои важат за редовната поостапка. Исто така, постојат и други аспекти од оваа постапка кои му одат во прилог на обвинетиот и се поповолни за него (на пр., во оваа постапка основите за изрекување на мерката притвор се далеку порестриктивни). Исто така, нормално е дека за полесни кривични дела треба да има поедноставна процедура во која ќе бидат запазени сите битни елементи на фер судење, во смисла обвинетиот да биде известен, да има право на бранител и другите елементи на фер судење гарантирани со Конвенцијата, што во оспорената Глава за скратена постапка од Законот за кривичната постапка се целосно вградени (тоа што нема формални истражни дејствија му е повеќе од корист на обвинетиот).
Во однос на наводите за детално известување, ја нагласуваме јуриспруденцијата на Судот во Стразбур согласно која деталноста на известувањето во однос на обвинението подразбира деталност на обвинителниот акт или предлог, односно дека во него треба да бидат наведени сите потребни елементи.
Во однос на наводите кои се однесуваат на временската граница за пропишана казна затвор за примена на скратената постапка, истакнуваме дека оваа одредба е во согласност со Препораката на Советот на Европа РЕЦ(2003)23.

32.
Подносителот на Иницијативата наведува дека член 475 став 8 не е во согласност член 8 алинеја 3 од Уставот на Реублика Македонија. Исто така, подносителот наведува дека според Европската конвенција за човекови права и јуриспуденцијата на Европскиот суд за човекови права, судењето во отсуство треба да биде исклучок детално регулиран во законот, а не правило по кое ќе се раководи судот, сакајќи побрзо решавање на предметите во скратена постапка. Судење без присуство на обвинетиот, не смее да се води, само со

единствено образложение дека судијата одлучил да отвори главна расправа, и без јасно да е дефиниранан постапката при вакви случаи. Според подносителот, оспорената одредба не ги содржи критериумите зададени од овој суд, а нејзината нејасност доведува кон правна несигурност и поткопување на темелите на владеење на правото.

Во членот 475 од Законот за кривичната постапка е уредена материјата за рочиштето за помирување. Во ставот (8) од наведениот член е пропишано дека „Во случај на недоаѓање на обвинетиот ако судијата одлучил да отвори главна расправа ќе се примени одредбата на членот 366 став (4) од овој закон".

Во член 8 став 1 во алинејата 3 од Уставот на Република Македонија, меѓу другите, како темелна вредност на уставниот поредок е утврдено владеењето на правото.

Во однос на оспорената одредба истакнуваме дека не постои нејзина спротивност со одредена уставна норма. Сепак, целисходноста на оваа одредба ќе биде преиспитана од страна на Работната група која работи на изготување измени и дополнувања на Законот за кривичната постапка и ќе биде разгледана моожноста за изменување на оваа одредба, во насока на обезбедувањето на присуство на судење кое е елементарен дел од правото на фер судење, кое пак експлицитно не е содржано во нашиот Устав.

33.
Подносителот на Иницијативата наведува дека член 476 став 2 делот „но дека во случај кога одбраната не е задолжителна, поради недоаѓање на бранителот на главната расправа или земање бранител дури на главната расправа, не мора да се одложи главната расправа" не е во согласност со член 6 од Европската конвенција за човековите права. Со оспорената одредба се предвидува одржување на главната расправа и без бранител, без законодавецот да предвиди ситуација кога бранителот од оправдани причини не можел да дојде на расправата. Па така, според подносителот, законодавецот уредувајќи ја оваа одредба поаѓал од претпоставката дека постапката би можела на овој начин да се одолговлекува и оваа можност да биде злоупотребена. Но, оваа претпоставка вметната во законот води кон повреда на правото на правично судење и необезбеување на минимални права кои Конвенцијата ги предвидува. Обвинетиот не смее да трпи штетни последици доколку неговиот бранител на дошол на главната расправа од орпавдана причина и да му се ускратува правото не бара одлагање на расправата.

Правото на бранител по свој избор мора да биде испочитувано во рамки на кривичната постапка. Па така доколку бранител не бил уредно известен за расправата или отсуствува од оправдани причини, судот мора да ги земе во предвид овие околности. Исто така, судот мора да го испочитува правото на обвинетиот да одлучи да земе бранител на самата расправа. Понатаму, подносителот наведува дека и во двата случаи, доколку расправата не се одложи му се оневозможува на обвинетиот да учествува активно во постапката, да има делотворна одбрана, квалитетно да учествува при предлагањето на докази и да презема други активности во рамки на својата одбрана.

Во член 476, во ставот (2) е пропишано дека „На обвинетиот во поканата ќе му се назначи дека на главната расправа може да дојде со докази за својата одбрана. Во поканата обвинетиот ќе се предупреди дека главната расправа ќе се одржи и во негово отсуство ако за тоа постојат законски услови (член 365). До обвинетиот кон поканата ќе се достави и препис од обвинителниот предлог, односно од приватната тужба и ќе се поучи дека има право да земе бранител, но дека во случај кога одбраната не е задолжителна, поради

недоаѓање на бранителот на главната расправа или земање бранител дури на главната расправа, не мора да се одложи главната расправа“.

Во однос на оспорената одредба истакнуваме дека не постои нејзина спротивност со ниту една уставна норма. Целта на оваа одредба е да се спречи одолговлекување на постапката. Сепак, во практиката, скоро секогаш главната расправа се одложува поради отсуство на обвинетиот.

*

*           *

Во членот 110 од Уставот на Република Македонија е утврдена надлежноста на Уставниот суд, меѓу другото, да одлучува за согласноста на законите со Уставот на Република Македонија и за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот на Република Македонија и со законите, а согласно член 112 став 1 од Уставот, е утврдено дека Уставниот суд ќе укине или поништи закон ако утврди дека не е во согласност со Уставот.

Согласно член 11 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, постапка за оценување на уставноста на закон и уставноста и законитоста на пропис или друг општ акт се поведува со решение на Уставниот суд по повод поднесена иницијатива, а согласно член 12, секој може да поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на закон и уставноста и законитоста на пропис или друг општ акт.

Имајќи ги предвид претходно цитираните одредби од Уставот на Република Македонија и Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, начелно се укажува дека не е утврдена стриктна надлежност на Уставниот суд на Република Македонија за оценување на примената на одреден пропис, во овој случај Законот за кривичната постапка, како и усогласеноста на истиот со одредбите на Европската конвенција за човекови права и постапување на Европскиот суд за човекови права по Конвенцијата.

Согласно член 118 од Уставот на Република Македонија, меѓународните договори што се ратификувани во согласност со Уставот се дел од внатрешниот правен поредок и не можат да се менуваат со закон.

Оттука, може да се оцени дека статусот на меѓународните договори во правниот систем, од аспект на надлежноста на Уставниот суд, сам по себе е недоволно јасен, при што тие не може да бидат предмет на уставно-судска оценка.

Поради наведеното се смета дека член 19 ставот (1), член 21 точката 2, член 35 ставот (2) во делот „а ако за причина за изземањето од член 33 став (1) дознале подоцна, барањето го поднесуваат веднаш по дознавањето“, член 79 ставот (2) во делот „препис од“, член 153, член 169 ставот (2) во делот „во рок од 24 часа“ и во делот „жалбата со препис од записникот за сослушување, ако притвореното лице е сослушано и решението за притвор се доставуваат веднаш до советот. Жалбата не го задржува извршувањето на решението, како и на ставот (3) во делот „во рок од 24 часа“, член 170 ставот (5) во делот „во рок од пет часа“, член 173 ставот (3), член 183 ставот (2) во делот „или кога во однос на затеченото лице постојат услови за претрес без наредба“, член 185 ставот (1) во делот „просторот во кој е затечено лицето во време на преземањето на претресувањето и

средството за превоз кое се користи во време на претресувањето", член 190 ставот (3), член 193, член 194 ставот (3), член 196 ставот (1), член 200 ставовите (3) и (8), член 249, член 256 во делот „мерките од член 252 став (1) точките 6, 7, 8, 9, 10, 11 и 12 на овој закон ги определува јавниот обвинител со писмена наредба", член 258, член 260 ставовите (2), (3) и (4), член 261 во делот „ќе се уништат под надзор на судијата, а за тоа јавниот обвинител ќе изготви записник", член 262 во делот „по барање" и во делот „засегнатото лице барањето може да го достави до судот", член 267 во делот „во рок од 15 месеци", член 276 став (2) точката 6, член 277 ставот (1), член 292 ставот (2), член 296 ставот (1), член 301 ставот (4), член 302 ставот (3) во делот „„да составуваат",како и ставот (4) во делот „во рок од 15 дена", член 384 ставот (1), член 393 ставот (1), член 409 ставот (2), член 411 ставот (4), членовите од 468 до 482, член 475 ставот (8) и член 476 ставот (2) во делот „но дека во случај кога одбраната не е задолжителна, поради недоаѓање на бранителот на главната расправа ии земање бранител дури на главната расправа, не мора да се одложи главната расправа", од Законот за кривичната постапка, не се во спротивност со Уставот на Република Македонија, заради што се смета дека наведената Иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста е неоснована, поради што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија поднесената Иницијатива да ја отфрли како неоснована.

**<u>Точка 62</u>**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 103488 за КО Бутел на КП бр. 5848/1 и по Понудата го усвои Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерство за транспорт и врски.

**<u>Точка 63</u>**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Златко Николовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотни листови бр. 11719 и бр. 2168 за КО Драчево 1 на КП бр. 8219, викано место Драчево и по Понудата го усвои Мислењето на Државното правобранителство на Република Македонија и Известувањето на Министерство за транспорт и врски.

**<u>Точка 64</u>**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Муамет Шеху од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист 2682 за КО Глуво Бразда на КП бр. 1544, викано место Штитиње и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид мислењата на Министерство за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**<u>Точка 65</u>**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Зоран Петрески од Скопје за Заклучок за усна јавна продажба под Ибр.141/18 и Заклучок за утврдување на вредност на недвижност, под бр.141/2018 и по Известувањето ги усвои негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 66**

1. Владата ја разреши Марија Делетиќ од должноста член на Органот за надзор на Јавната установа за згрижување деца со воспитно - социјални проблеми и нарушено поведение, на нејзино барање.

2. Владата ја именува Лидија Тасева за член на Управниот одбор- претставник од Советот на општината на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Свети Николе.

3. Владата, на Цветанка Кормушоска и утврди престанок на функцијата државен правобранител во Државното правобранителство на Република Македонија за подрачјето на Скопје поради исполнување на услови за стекнување на правото на старосна пензија, заклучно со 18.7.2018 година.

**Точка 67**

**1.** Владата ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за формирање Комисија за следење на постапките во врска со процесот за денационализација, во предложениот текст.

**2.** По повод Заклучокот донесен на Педесет и осмата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 13.3.2018 година, точка 36, а во врска со Извештајот за извршени преговори со усогласен текст на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Црна Гора за соработка во областа на борбата против трговија со луѓе, Владата заклучи Заклучокот број 2 да се измени и да гласи:

- „ 2. Се определува заменикот на претседателот на Владата и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, во име на Владата на Република Македонија да ја потпише Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Црна Гора за соработка во областа на борбата против трговија со луѓе“.

**3.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 14.5.2018 година до 20.5.2018 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

**4.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 4.6.2018 година до 10.6.2018 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

**5.** Согласно Известувањето на Министерството за финансии бр.13-7051/1 од 12.6.2018 година, Владата заклучи Заклучокот бр.50 од Деведесет и деветтата (тематска) седница на Владата на Република Македонија, одржана на 10.3.2017 година, точка 6 - Прашања и предлози, кој е изменет на 42-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 12.12.2017 година (точка 60) да престане да важи, во однос на Информацијата за текот на реализација на техничката помош од ММФ за подготовка на Закон за опоравување на банки.

**6.** Владата го донесе Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Инспекцискиот совет, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи да се преземат сите потребни активности со цел реализација на донесените заклучоци на 61-та седница на Владата, одржана на 27.3.2018 година, во врска со распоредувањето на административни службеници вработени во Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор, во институции на јавниот сектор.

**7.** Имајќи ја предвид лошата состојба на Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Македонија, а со цел да изнајде соодветен модел за решавање на лошата финансиска состојба во која се наоѓа претпријатието, а воедно би се овозможило инвестиционо и тековно одржување на објектите за спорт, со кои стопанисува Јавното претпријатие, Владата заклучи:

1. Формира меѓуресорска работна група предводена од Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, а свои претставници ќе номинираат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, Државното правобранителство на Република Македонија, Министерството за правда, Министерството за финасисии, Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски, Секретаријатот за законодавство, Агенција за катастар на недвижност, Агенцијата за млади и спорт и Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Македонија, која во рок од 30 дена ќе подготви и до Владата ќе достави Предлог-одлука за трансформирање на Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Македонија во друштво со ограничена одговорност, како и Предлог-договор за основање друштвото со ограничена одговорност.

2. Се задолжува Бирото за судски вештачења да изврши процена на целокупниот имот на Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Македонија, во најбрзо можен рок и истата да ја достави до меѓуресорската работна група.

## Точка 68

Владата го разгледа Известувањето за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за август 2017 година, со дополнувањето, како материјал за информирање.

## Точка 69

Владата го разгледа Известувањето за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за септември 2017 година, како материјал за информирање.

## Точка 70

Владата го разгледа Известувањето за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за октомври 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 71**

Владата го разгледа Известувањето за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за ноември 2017 година, со табеларен приказ, како материјал за информирање.

**Точка 72**

Владата го разгледа Известувањето за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за декември 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 73**

Владата го разгледа Известувањето за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за јануари 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 74**

Владата го разгледа Известувањето за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за февруари 2018 година, со табеларен приказ, како материјал за информирање.

**Точка 75**

Владата го разгледа Известувањето за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за март 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 76**

Владата го разгледа Известувањето за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за април 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 77**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“ - Велес за период јануари - март 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 78**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Јавно претпријатие Македонски Железници „Инфраструктура“ за период 1.1.2018 до 31.3.2018 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги задолжи органите на управување на Јавното претпријатие Македонски Железници „Инфраструктура“ во рок од 30 дена да подготват и до Владата да

доставaт информација за имплементацијата и состојбата на проектот за изградба на пругата Куманово - Бељаковце.

## Точка 79

Владата го разгледа Финансискиот извештај за работење на Јавното претпријатие „Македонијапат“ - Скопје, за период од 1.7 до 30.9.2017 година, со дополнувања кон материјалот, како материјал за информирање.

## Точка 80

Владата го разгледа Финансискиот извештај за работење на Јавното претпријатие „Македонијапат“ - Скопје, за период од 1.10 до 31.12.2017 година, со дополнувања кон материјалот, како материјал за информирање.

## Точка 81

Владата ја разгледа Информацијата со конкретна анализа за трошоците, мерките и потребните финансиски средства за FSC сертификација, со дополнувањето кон неа, како материјал за информирање.
Исто така Владата го задолжи ЈП за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми“ - Скопје да го завршат пилот проектот во подружницата во Пехчево и согласно резултатите од истиот, во рок од 30 дена по завршување на истиот до Владата да достават информација со акциски план за сертификација.

## Точка 82

Владата ги разгледа Извештајот за работа на Инспекцискиот совет и Информацијата за работа на инспекциските служби, за првиот квартал од 2018 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи да формира работна група составена од: д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Венко Филипче, министер за здравство, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураку, министер за животна средина и просторно планирање, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика и претседателот на Инспекцискиот совет, со цел зајакнување на капацитетите на инспекторатите и инспекциските служби, формирање на стратегија за нивното работење, рационализирање и следење на препораките од Европската Комисија и Светската банка.

## Точка 83

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот и реализацијата на проектот „Надградба на објектите за царинење и инспекциски органи на граничниот премин Ќафасан“, како материјал за информирање.

**Точка 84**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со ревидираните финансиски извештаи за 2017 година на ТАВ Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 85**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Сертификатот за годишен надоместок за концесија за 2017 година на ТАВ Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 86**

Владата ја разгледа Информацијата за набавка и инсталација на опрема за европски систем за контрола на возовите ETCS ниво 1 по должината на Коридорот 10 и набавка и инсталација на опрема за глобален систем за мобилна комуникација во железницата GSMR по должина на Коридорот 10, заклучно со мај 2018 година (нов текст), како материјал за информирање.

**Точка 87**

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на реализација на Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за конкурентност на македонската економија 2016-2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 88**

Владата го разгледа Извештајот за учество на припадници на Армијата на Република Македонија во вежбовната активност „MILEX 18“ во Кралството Шпанија, како материјал за информирање.

**Точка 89**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „Anatolian Phoenix 2018“, во Република Турција, во предложениот текст.

**Точка 90**

Владата ја донесе Одлуката за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Македонија, заради учество во вежбовна активност „JCET-18“, во предложениот текст.

**Точка 91**

Владата ја разгледа Информацијата за распределба на средства од Буџетот на Република Македонија за 2018 година, алоцирани во раздел 13001 - Министерство за транспорт и врски, Потпрограма - поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите, со Предлог-одлука за распределба на средства за комунални инфраструктурни проекти, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за распределба на средства од Буџетот на Република Македонија за 2018 година за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите, во предложениот текст.

**Точка 92**

Владата на предлог на Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за одобрување средства од Буџетот на Владата на Република Македонија (раздел 04001) за наредната седница на Владата, поради дополнителни усогласувања.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

*

*        *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 15:20 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**